| Организација и реализација на активности за инклузивно образование подготовка и дистрибуирање на прашалници за наставници, родители и ученици, анализа на податоците, давање извештаи, запознавање на сите чинители во образовниот процес со резултатите на истражувањето | специјален едукатор и рехабилитатор УИТ ИТУ наставници | Прашалници, когнитивно-квалитативна анализа, извештаи, изработки, фотографии и извештаи | Полугодишен и годишен извештај и активности Во текот на учебната година |
| Организирање стручни предавања на родителските состаноци, Информирање на јавноста преку медиуми за инклузивното образование во нашето училиште - искуства | специјален едукатор и рехабилитатор | Изработки, фотографии и извештаи, работилници,обуки | Во текот на учебната година |
| Организирање и реализација на индивидуални часови во сензорна/ ресурна соба | специјален едукатор и рехабилитатор | Чек-листи, план и програма за работа, процена на психомоторниот развој изработка на дефектолошко досие - евидентни листови | Во текот на учебната година |
| Соработка со други институции кои го поддржуваат и унапредуваат инклузивното образование<br>Соработка со други важни институции, локалната самоуправа | директор специјален едукатор и рехабилитатор УИТ | Извештаи, педагошка и дефектолошка евиденција | Во текот на учебната година |
| Јакнење на професионалните компетенции на наставникот по пат на:<br>Предавања<br>Совети<br>Сугестии<br>Упатување на стручна литература<br>Организирање семинари | специјален едукатор и рехабилитатор | Извештаи, евиденција | Во текот на учебната година |
| Спроведување акциски истражувања за подобрување на наставата | специјален едукатор и рехабилитатор | Прашалници, когнитивно-квалитативна анализа, извештаи | Во текот на учебната година |
| Грижа за документацијата и евиденцијата на учениците со ПОП | специјален едукатор и рехабилитатор | Извештаи, евиденција | Во текот на учебната година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Грижа за соодветна вклученост на учениците со ПОП во активностите на ученичките заедници (им помага на ученичките заедници да ги прифатат учениците со ПОП) | специјален едукатор и рехабилитатор | Прашалници, когнитивно-квалитативна анализа, извештаи, изработки, фотографии и извештаи | Во текот на учебната година |
| Учествување и вршење ревизии на ИОП/Модифицирана програма | специјален едукатор и рехабилитатор | Извештаи, евиденција | Декември/Јуни |
| Анализа на работата на тимот и реализација на програмата, вреднување на резултатите од работата | УИТ | Извештаи, евиденција | Јуни |
| Евалуација на програмата и предлог за изработка на нова програма за наредната учебна година | УИТ | Извештаи, евиденција | Август |
| Поддршка на образовните/ личните асистенти | Специјален едукатор и рехабилитатор наставници | Извештаи, евиденција | Во текот на учебната година |

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Во Училиштето нема тутори за поддршка на учениците.

### 8.15. План на образовниот медијатор

Во Училиштето нема образовни медијатори.

## 9. Воннаставни активности

При планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности во училиштето, се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување знаења, вештини и вредности зацртани со Националните стандарди за основно образование, особено за оние содржини кои не се застапени или не се доволно покриени со наставните активности. Воннаставните активности се ориентирани на учениците и приспособени кон индивидуалните потреби и различности на сите ученици, со цел секој ученик да има можност да ги пронајде и развива своите способности, потенцијали и знаења. Воннаставните активности се привлечни за повеќето ученици и треба да обезбедуваат активно учество на учениците. Присуството, ангажираноста и напредокот на учениците ќе се евидентираат од страна на одговорниот наставник.

| **Видови воннаставни активности** | | |
|---|---|---|
| **1. Краткотрајни** | **2. Подолготрајни** | **3. Ученичко организирање** |
| Излети и екскурзии | Секции | Заедница на паралелка |
| Еднократни работилници | Клубови | Ученички парламент |
| Акции во училиштето или заедницата | Проекти | Ученички правобранител |

### 9.1. Училишни спортски клубови

Училишни спортови што ги нуди училиштето се: кошарка, ракомет и одбојка. Одговорни наставници за реализација на овие активности се наставниците по физичко и здравствено образование. Основни цели на овие активности се:

- создавање навики кај учениците слободното време да го поминуваат во спортска рекреација и забава;
- градење навики за рекреација и здрав живот;
- развивање на психофизичките способности.

| **Име на спортскиот клуб:** | | Училиштен спортски клуб „Песталоци“ | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основан / датум:** | | 2015 | | | |
| **Одговорни наставници:** | | 1. Драгослав Марина<br>2. Златко Арсовски | | 2. | |
| **Вид на спорт** | **Цел** | **Конкретни активности** | **Време на реализација** | **Број на ученици** | **Предвидени настапи и турнири** |
| Фудбал | Масовно вклучување на младите во спортот | Тренинг и натпревари | септември-мај | 30 | Општински натпревари |
| Кошарка | Масовно вклучување на младите во спортот | Тренинг и натпревари | септември-мај | 30 | Општински натпревари |

## 9.2. Секции/клубови

Секциите се подолготрајни воннаставни активности коишто се реализираат еднаш неделно (1-2 часа неделно, во просек), во текот на едно цело полугодие или на целата учебна година. Секција се формира за потребите на група ученици кои споделуваат заеднички интерес, може да учат во иста паралелка, во различни паралелки од иста година или во различни години во рамки на ист возрасен циклус. Многу е важно целата група заедно и континуирано да учествува во работата на секцијата. Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата може да се вклучат и други наставници, родители (во улога на помошници или носители за активностите) или волонтери од заедницата. Преку секциите учениците ќе учествуваат на најразлични манифестации, конкурси, натпревари преку кои се афирмираат себеси и училиштето. Програмите за работа на секциите/клубовите се дел од наставните планови и програми на наставниците.

| Секции/клубови | Име и презиме на наставници | Планиран број на ученици и паралелки |
|---|---|---|
| Литературно-новинарска секција | Зорица Поп Илиев<br>Верица Неделкоска | 30 ученици од VI до IX |
| Драмско-рецитаторска | Ана Георгиева<br>Верица Неделкоска | 30 ученици од VI до IX |
| Млади креативци | Александар Чавкароски | 30 ученици од VI до IX |
| Архитектура и градежништво | Биљана Наумчевска | 30 ученици од VI до IX |
| Математиката и уметноста | Биљана Чешларова, Даниела Нацев | 30 ученици од VI до IX |
| Историска секција | Влатко Трошански | 30 ученици од VI до IX |
| Млади биолози | Јасмина Дичевиќ | 30 ученици од VI до IX |
| Млади физичари | Цветанка Илиоска | 30 ученици од VIII и IX |
| Спорт (фудбал, кошарка, одбојка) | Јасмина Грујоска Неделковска, Драгослав Марина и Златко Арсовски, Никола Данев | По 15 ученици за секој спорт од VI до IX |
| Љубители на англискиот јазик | Јасна Каровска Абрамац, Билјана Стојаноска, Симона Мирчевска-Ефтимовска, Искра Мијалковска Ефремова | 45 ученици од VI до IX |

| | | |
|---|---|---|
| Љубители на германскиот јазик | Благородна Наумоска | 30 ученици од VI до IX |
| Млади библиотекари | Бранка Ивановска Блажевска | 8 ученици од VI до IX |

## 9.3. Акции

Организирањето акции и активности е од големо значење за одржување поволна училишна клима и хармоничност. Преку одбележувањето вакви настани се овозможува долготрајно негување на чувството на припадност кон заедницата, реализирање активности кои ќе го поддржуваат психичкиот развој на учениците и ќе им овозможат стабилна емотивна интелигенција.

| **Име на акцијата** | **Активност и место на реализација** | **Цели на акцијата** | **Време на реализација Временска рамка** | **Одговорни лица вклучени во реализација на акцијата** | **Вклучени одделенија/ паралелки** |
|---|---|---|---|---|---|
| Уредување на училишната зграда и училишниот двор<br>Сакам чисто училиште | Чистење на училишна зграда и двор<br>Собирање отпад и фрлање во контејнер. | Поттикнување и развивање екосвест | Септември<br>Април-мај | Наставници, технички персонал | Ученици: II - IX одд. |
| Недела на мобилност | Училиште | Поттикнување и развивање екосвест | Септември | Еко одбор | Ученици: I - IX одд. |
| Еко рурален туризам Гроздобер | Учениците со согласност од родителите ќе посетат манифестација „Гроздобер“ и ќе се запознаат со рурален еко туризам | Подигнување на свеста за одржливо општество | Септември | Наташа Ѓорѓиоска Катица Ацковска | Ученици: V одд. |
| Еразмус + проект Re3PriS *Reduce, Reuse, Recycle in Primary School* | Училиште/Посети/Акции | Подигнување на еколошка свест | 2024-2027 | Јасна Каровска Абрамац<br>Наташа Ѓорѓиоска | Ученици: I - IX одд. |
| Светски ден на јаболкото „Традиционални јадења по рецептот на баба“ | Наставниците, учениците и родителите ќе изложат традиционални јадења од јаболко | Подигање на свеста за здрава храна | Октомври | Одделенски наставници, родители | Ученици: I – IX одд. |
| Меѓународен ден на менталното здравје | Работилници за ученици, наставници и родители | Подигање на свеста за грижа за менталното здравје | Октомври | Елена Петровска | Ученици: VI - IX одд. |
| „Стоп за насилството“ Меѓународен ден за борба против насилството | Изработка на презентации/плакати на тема „Стоп за насилството“ / училиште | Учениците да ги препознаат видовите насилство и да се охрабрат да зборуваат за насилството | Ноември | Елена Петровска | Ученици: I - IX одд. |
| Акција за селектирање отпад | Селектирање електронски отпад,<br>/ училиште | Подигање на свеста кај учениците / родителите за управување со електронски отпад | Ноември | Одделенски раководители, директор, членови на екоодбор | Ученици: I - IX одд. |
| Ден на општината | Учествување во | Соработка со локалната | Ноември | Ученички парламент, | Ученици: III - IX одд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | одбележувањето на Денот на општината | самоуправа | | наставници, директор | |
| Хуманитарна акција за помош на социјално загрозени семејства по повод | Учениците ќе изработат постер за спроведување на акцијата со одреден датум за собирање храна, облека, играчки, книги или техничка опрема. Претставници од Општината и претставници од училиштето ќе ги подарат собраните пакети. | Поттикнување на хуманоста и емпатија кај учениците, да се развие свест за солидарност | Декември | Одделенски наставници, родители, Ученички парламент | Ученици: I – IX одд. |
| Одбележување на Нова година и Божиќ | Традиционален новогодишен и божиќен концерт / училиште | Свечено одбележување на новогодишните и божиќните празници | Декември | Наставник по музичко образование | Ученици: VI - IX одд. |
| Активност „Ајде да се храниме здраво“ | Изготвување разновидни менија кои нудат здрава храна, презентација и плакат / училиште | Да се поттикнуваат учениците да консумираат здрава, разновидна и што помалку обработена храна | Февруари | Одделенски наставници, наставници по биологија, вештини на живеење | Ученици: I- IX одд. |
| Изработка на честитки за 8 Март Одбележување на денот на жената | „Подарок за мама“ Изработка на честитка / училиште / концерт / училиште | Развивање креативност кај учениците Развивање свесност, почит и култ кон мајката и жената | Март | Ученици, одделенски раководители, родители Наставник по музичко образование | Ученици: I – V одд. и VI - IX одд. |
| Одбележување на денот на пролетта и екологијата | Развивање свест за зачувување на планетата Земја / училиште | Одбележување на денот на пролетта | Март | Вработени во училиштето, локално население | Ученици: I - IX одд. |
| Одбележување на денот на шегата со натпревар за најоригинална маска | Изработка на маски од веќе неупотреблив материјал / училиште | Развивање свест за важноста од рециклирањето/ Развивање на сетилноста и перцепцијата за убавото кај учениците | Април | Ученици, одделенски раководители, стручен тим | Ученици |
| Чествување на Велигден Креативни велигденски изработки | Изработка на велигденски украси Велигденски базар / училиште концерт / училиште | Одбележување на Велигден | Април/мај | Наставници, директор, родители, наставник по музичко образование | Ученици: I - IX одд |
| Еколошка акција | Детскиот парк до училиштето | Подигнување на свеста за одржување на чиста животна средина | Мај | Наставници, директор, родители | Ученици: III одд. |
| Ден на македонскиот јазик | Донирање книги за училишната библиотека / | Збогатување на библиотечниот фонд со | Мај | Наставници/ученици | Ученици: I - IX одд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | училиштето | нови книги | | | |
| Одбележување на Денот на училиштето | Приредба и промовирање на таленти / училиште | Чествување и почит кон Патронот на училиштето | Мај | Наставници, Директор, родители, стручен тим | Ученици: I - IX одд. |

# 10. Ученичко организирање и учество

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Тие во училиштето се организираат во Заедница на паралелките и Ученички парламент. Преку свои претставници учествуваат во работата на Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор. Правата на учениците ги заштитува и брани Ученички правобранител кој се избира од редовите на учениците од VII до IX одделение на интерен јавен повик распишан во Училиштето. Во учебна 2025/2026 година ќе се избере нов Ученички правобранител заради завршување на основното образование на претходниот Ученички правобранител, ученичката Ѕвезда Велевска.

Интересите и мислењата на учениците ги застапува претседател на Ученичкиот парламент кој се избира од редовите на претседателите на заедниците на паралелките. Во учебна 2025/2026 година ќе се избере нов претседател наУченичкиот парламент заради завршување на основното образование на претходниот претседател, ученикот Максим Таневски.

Преку оваа организација учениците имаат можност да учествуваат во креирањето позитивна клима за работа и учење, градење и негување другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето. Организациската поставеност почнува од заедницата на учениците во паралелката, па до училишната заедница.

Учениците ќе учествуват при донесување одлуки за:

- Ученички екскурзии
- Организирање полуматурска забава
- Организирање хепенинзи
- Организирање хуманитарни акции
- Учество во активности за превенција на насилното однесување во училиштето
- Следење на успехот и напредувањето на учениците
- Решавање конфликти.

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

**Тим за изработка на програма**: Катерина Атанасова, Ана Сенчук, Билјана Стојаноска, Елизабета Даскалова, Даниела Нацев, Драгослав Марина

**Излети, екскурзии, настава во природа:**

- **Еднодневен есенски излет:** Градски парк, Скопје
- **Еднодневен пролетен излет:**
  I – III одд во Сарај, Скопско
  IV – IX одд во Лешок, Тетовско
- **Наставно-научна екскурзија за III одделение:** Кавадарци
- **Настава во природа за V одделение:** Западна Македонија; Локации за посета и правци на патување: Скопје – Шарена џамија, Тетово - Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“ - Вевчани - Вевчански Извори – Охрид
- **Наставно-научна екскурзија за VI одделение:** Западна Македонија; Локации за посета и правци на патување: Скопје – Тетово – Маврово – Струга -

Охрид – Битола- Велес - Скопје
- **Наставно-научна екскурзија за IX одделение:** Западна Македонија; Локации за посета и правци на патување: Скопје - Тетово – Гостивар – Кичево - Скопје
- **Вонучилишни активности од I до IX одделение:** посети на Зоолошката градина, музички детски фестивал, саем, театарски претстави, опера, музеи, институции и друго.

### 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Вонучилишните активности ќе се реализираат преку училишни секции, клубови, екскурзии, натпревари и други активности кои се надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.

## 12. Натпревари за учениците

Натпреварите играат значајна улога во развојот на личноста на секој ученик. Тие, покрај воспитната компонента, го развиваат натпреварувачкиот дух, мотивираноста, издржливоста, чувството на припадност и тимскиот дух. Тоа на учениците им ги отвора можностите за стекнување нови видици, контакти и другарства.

Учениците кои се истакнуваат со своите интереси, активности и вештини во одредна област имаат можност тоа да го презентираат и докажат на ученичките натпревари, организирани од училиштето или акредитирани здруженија од одредена област, како и меѓународни признати акредитирани институции.

Како и секоја година, нашето училиште најпрво ќе организира училишни натпревари кои ќе овозможат понатамошно учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари.

Дел од предвидените активности се и учествата на литературни и ликовни конкурси.

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари и во кој период од учебната година ќе ги организира. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на понатамошните натпревари од повисок ранг.

Планот за реализирање на училишните натпревари се истакнува на огласните табли во училиштето, како и во соодветните кабинети.

Исто така, јасно се пропишуваат и истакнуваат правилата за тоа кои ученици имаат право да земат учество на училишните натпревари.

Секој ученик кој:

- покажува интерес, одговорност, исполнителност во одредена област
- се истакнува со високи постигнувања во редовната настава
- редовно ја посетува додатната настава
- има тимски и натпреварувачки дух со што има капацитет и способност да се носи и со успеси и со порази и тие нема да влијаат негативно на неговата самодоверба

има право да се пријави, т.е. да учествува на претстојниот училиштен натпревар во таа област. Дел од учениците се здобиваат и со директно учество на натпреварите од акредитираните здруженија поради освоени високи награди од претходните натпреварувања, со што тие се ослободуваат од училишните натпревари. Резултатите од спроведениот училиштен натпревар ќе се истакнат на огласна табла најдоцна една седмица по одржаниот натпревар. По спроведувањето на училишниот натпревар се изготвува записник со резултати и заклучоци.

Начинот на спроведување на училишниот натпревар се спроведува согласно однапред предвидени правила кои се состојат од:

- Јасно поставени критериуми за учество на натпреварите
- Поставување отворен список за пријавување од страна на учениците во период од една седмица пред одржувањето на училишниот натпревар
- Избор на комисија од соодветни предметни наставници
- Изготвување стандардизирани задачи од повисоко ниво на знаење од дадената област
- Договарање време, место и времетраење на натпреварот
- Спроведување на натпреварот во беспрекорно тивка атмосфера

- Присуство на комисијата на натпреварот.

По извршеното рангирање од училишниот натпревар, најдобрите одат на натпревар од повисок ранг согласно пропишаните квоти.
Ученикот има право да се откаже од понатамошните натпреварувања, а неговото место го зазема пониско рангираниот ученик веднаш до него.
Учениците кои земаат учество на натпреварите од повисок ранг се водени и следени од наставник-ментор.
Ученикот натпреварувач редовно ги посетува подготвителните часови. Наставникот ментор обезбедува дополнитена литература и материјали за подготовка.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Училиштето развива почит и однос кон различностите. Мултикултурните активности се развиваат со соработка со училишта од други општини кои се со друг ентитет. Наставата во училиштето се одвива на македонски јазик.
Со Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти, Училиштето и понатаму ќе реализира мултикултурни активности со партнерското училиште ООУ „Лирија“ - Чаир.
Со формирање партнерство со училиште со друг наставен јазик, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта со заемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали, сакаме да бидеме промотори на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата со размена на културните и верските, како и образовните вредности.
Детален план за активностите на училиштето за развивање мултикултурализам е содржан во Програмата за мултиетничка интеграција во образованието што е составен дел на прилозите на оваа програма.
**Одговорна за активностите и Тимот за МИО** - Бранка Димевска Коцева, наставник по историја и граѓанско образование.
**Членови на тимот за училишна интеграција**:
- Жаклина Јагликовска – наставник по одделенска настава
- Билјана Стојаноска – наставник по англиски јазик
- Јасмина Грујоска Неделковска – наставник по физичко и здравствено образование

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Во Училиштето ќе се реализираат проекти во соработка со ЕРАЗМУС, локалната заедница, фирми и претпријатија.

### Активни проекти:

1. Еразмус + проект во чиј склоп се реализираа четири мобилности.
2. Еразмус – „RePris – Recucle, reduce, resuse“
3. Е-твининг „Biodiversify“ и „Mind Matters“.
4. Проект “Програма за Целоживотно здравје за родители и адолесценти – „Flourish“ во партнерство со УНИЦЕФ и СЗО, кој се реализира од страна на Институтот за брак, семејство и системска пракса – Алтернатива.
5. Проект „Промоција на безбедна училишна средина“ се спроведува од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Првата Детска Амбасада во светот „МЕЃАШИ“ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации. Проектот е со времетраење од две учебни години (2024-2026).

# 15. Поддршка на учениците

## 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и по различни наставни предмети. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршувањето на класификациските периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за три години наназад. Наставниот кадар и стручните соработници водат целосна и уредна евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој. Континуирано, стручните соработници и наставниците прават анализи (се согледуваат и потребите направени со самоевалуацијата) за потребите на учениците, но и на наставниците, кои имаат за цел подобрување и унапредување на наставата. Посебно внимание се посветува на идентификацијата и утврдувањето на потребите на надарените ученици, како и на учениците со посебни потреби, за што се изработуваат посебни програми, коишто вклучуваат активности и систем за следење на напредокот на овие ученици. Стручните активи во своите програми планираат нагледни часови со користење методи на активна настава и изготвување ефективни инструменти за оценување на знаењата на учениците.

Постигањата на учениците на крајот од учебната 2024/2025 година се разгледани на Одделенскиот совет одржан на 10.6.2025 година за 9. одделение, утврден на Наставничкиот совет одржан истиот ден, а за учениците од 1. до 8. одделение на 12.6.2025 година и утврден на Наставничкиот совет одржан на 16.6.2025 година.

**УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

**Табеларен приказ на успехот на учениците од I – III одделение на крајот од учебната 2024/2025 година по наставни предмети и по пол**

| Успех - I-III одд. | Македонски јазик | Математика | Англиски јазик | Ликовно образование | Музичко образование | Природни науки | Општество | Физичко и здравствено | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| прво ниво | 266 | 263 | 304 | 305 | 305 | 296 | 296 | 304 | |
| второ ниво | 38 | 41 | 1 | 0 | 0 | 9 | 9 | 1 | |
| трето ниво | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| четврто ниво | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| вкупно | 305 | 305 | 305 | 305 | 305 | 305 | 305 | 305 | |
| Среден успех | 4,87 | 4,86 | 4,99 | 5,00 | 5,00 | 4,97 | 4,97 | 5,00 | 4,96 |

| ОПШТ УСПЕХ - I-III одд. | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| одличен | | мн.добар | | добар | | доволен | | вкупно позитивни | |
| бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| 303 | 99,34 | 2 | 0,66 | 0 | 0 | 0 | 0 | 305 | 100 |
| ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | Ж | м |
| 152 | 151 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 152 | 153 |
| 50% | 50% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50% | 50% |
| 99,34% | | 0,66% | | 0 | | 0 | | 100% | |

**Заклучок**: Учениците од I до III одделение на крајот на учебната година добиваат известување за успехот со описни оценки. Успехот на учениците е на највисоко – прво ниво и тоа по сите наставни предмети.

**Табеларен приказ на успехот на учениците од IV-VI одделение во учебната 2024/2025 година по наставни предмети и по пол**

| ОПШТ УСПЕХ на учениците- IV-VI одд. | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| одличен | | мн.добар | | добар | | доволен | | вкупно позитивни | | вкупно со слаби оцени | |
| бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| 272 | 95,77 | 12 | 4,23 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 284 | 100 | 0 | 0 |
| ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 133 | 139 | 2 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 135 | 149 | 0 | 0 |
| 95,77 | | 4,23 | | 0 | | 0 | | 100 | | 0 | |

| Успех - IV - VI одд. | Македонски јазик | Математика | Англиски јазик | Германски јазик | Ликовно образование | Музичко образование | Природни науки | Техничко образование | Историја и општество | Физичко и здравствено образование | Географија | Изборен 1 | Изборен 2 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| прво ниво | 252 | 253 | 271 | 74 | 282 | 272 | 257 | 85 | 188 | 284 | 88 | 99 | 92 | |
| второ ниво | 24 | 19 | 10 | 15 | 2 | 10 | 16 | 6 | 2 | 0 | 4 | 0 | 0 | |
| трето ниво | 8 | 9 | 3 | 2 | 0 | 2 | 8 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| четврто ниво | 0 | 3 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Вкупно | 284 | 284 | 284 | 92 | 284 | 284 | 284 | 92 | 192 | 284 | 92 | 99 | 92 | |
| **СРЕДЕН УСПЕХ** | 4,86 | 4,84 | 4,94 | 4,76 | 4,99 | 4,96 | 4,86 | 4,99 | 4,97 | 5,00 | 4,96 | 5,00 | 5,00 | **4,93** |

| Среден успех по пол - IV-VI одд. | | |
|---|---|---|
| женски | машки | вкупно |
| 4,97 | 4,90 | 4,93 |

**Заклучок:** Учениците од IV - VI одд. постигнаа прво/највисоко ниво, односно одличен успех. Успехот по сите наставни предмети е висок / прво ниво (просек 4,93).

**Табеларен приказ на успехот на учениците од VII - IX одделение во учебната 2024/2025 година по наставни предмети**

| Успех - VII - IX одд. | ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ | Изборни предмети |
|---|---|---|

| | | | прв | втор | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонски јазик | Математика | Англиски јазик | Германски јазик | Биологија | Хемија | Физика | Историја | Географија | Етика | Информатика | Музичко образование | Ликовно образование | Физичко и здравствено образование | Граѓанско образование | Иновации | Вештини за живеење | Птоекти од музичката уметност | Нашата татковина | Среден успех |
| одличен | 232 | 217 | 246 | 250 | 206 | 158 | 133 | 263 | 260 | 93 | 75 | 249 | 245 | 270 | 168 | 81 | 94 | 93 | 81 | |
| многу добар | 30 | 31 | 17 | 17 | 46 | 14 | 26 | 6 | 10 | 0 | 12 | 13 | 18 | 0 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| добар | 7 | 15 | 6 | 3 | 14 | 4 | 13 | 1 | 0 | 0 | 6 | 7 | 6 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | |
| доволен | 1 | 7 | 1 | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| недоволен | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| број на ученици | 270 | 270 | 270 | 270 | 270 | 176 | 176 | 270 | 270 | 93 | 94 | 270 | 270 | 270 | 176 | 81 | 95 | 93 | 81 | |
| СРЕДЕН УСПЕХ | 4,83 | 4,70 | 4,88 | 4,91 | 4,68 | 4,88 | 4,64 | 4,97 | 4,96 | 5,00 | 4,71 | 4,89 | 4,88 | 5,00 | 4,95 | 5,00 | 4,98 | 5,00 | 5,00 | **4.89** |

| ОПШТ УСПЕХ – VII до IX одд. | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| одличен | | мн.добар | | добар | | доволен | | вкупно позитивни | | вкупно со слаби оцени | |
| бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| 254 | 94,07 | 15 | 5,56 | 1 | 0,37 | 0 | 0 | 270 | 100 | 0 | 0 |
| ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 124 | 130 | 5 | 10 | 0 | 1 | 0 | 0 | 129 | 141 | 0 | 0 |
| 45,93 | 48,15 | 1,85 | 3,70 | 0,00 | 0,37 | 0,00 | 0,00 | 47,78 | 52,22 | 0 | 0 |
| 94,07% | | 5,56% | | 0,37% | | 0% | | 100% | | 0% | |

| VII - IX одд. | женски | машки | вк. |
|---|---|---|---|
| одличен | 124 | 130 | 254 |
| многу добар | 5 | 10 | 15 |
| добар | 0 | 1 | 1 |
| доволен | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 |
| Среден успех | 4,92 | 4,84 | 4,89 |

| Среден успех VII - IX одд. | 4,89 | |
|---|---|---|
| | ж | м |
| | 4,92 | 4,84 |
| Разлика на среден успех женски/ машки со среден успех на учениците VII - IX одд. | +0,03 | -0,05 |

| | |
|---|---|
| Разлика на среден успех ж-м | 0,08 |

**Констатации:**
Средниот успех на учениците VII - IX одделение во учебната 2024/2025 година е 4,59. Девојчињата имаат незначително повисок среден успех од момчињата за 0,08. Највисок е процентот на учениците со одличен успех 94% (254 ученици), со многу добар успех се 6% (15 ученици), а со добар успех е само 1 ученик (0,37%).

**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ИЗОСТАНОЦИ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

| Изостаноци по одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I - IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 1789 | 2322 | 1223 | 970 | 2799 | 5019 | 4134 | 3775 | 3739 | 25767 |
| Неоправдани | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 37 | 47 | 59 | 58 | 205 |
| Вкупно | 1789 | 2322 | 1223 | 970 | 2803 | 5056 | 4181 | 3834 | 3797 | 25890 |

| Поведение по одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I - IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 101 | 94 | 110 | 99 | 93 | 95 | 94 | 95 | 81 | 859 |
| Добро | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Незадоволнително | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 101 | 94 | 110 | 99 | 93 | 95 | 94 | 95 | 81 | 859 |

**КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ**

Табеларен преглед на средниот успех на учениците по одделенија на крајот на учебната година (споредбени показатели на учебна 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025)

| Ред.бр. | Период- одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Среден успех за учебната 2022/23 год. | I ниво | I ниво | I ниво | 4,87 | 4,97 | 4,93 | 4,89 | 4,68 | 4,83 | 4,89 |
| 2 | Среден успех за учебната 2023/24 год. | I ниво | I ниво | I ниво | 4,95 | 4,93 | 4,91 | 4,93 | 4,90 | 4,83 | 4,93 |
| 3 | Среден успех за учебната 2024/25 год. | I ниво | I ниво | I ниво | 4,99 | 4,96 | 4,86 | 4,87 | 4,84 | 4,92 | 4,92 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Разлика (2023/24 и 2024/25) | I ниво | I ниво | I ниво | +0.04 | +0,03 | -0,05 | -0,06 | -0,06 | +0,09 | -0,01 |

**Констатации:**
Средниот успех на учениците на ниво на одделенија од I – IX одделение е на највисоко ниво – одличен успех.
Средниот успех на учениците на ниво на училиште на крајот од учебната 2024/2025 година – 4,92 е речиси ист во однос на успехот од минатата учебна година (4,93).

**Табеларен преглед на компаративна анализа на бројната состојба, поведението и изостаноците за учениците од I-IX одделение на крајот на учебната година (споредбени показатели со учебна 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 година)**

| Учебна година | Број на ученици | Машки | Женски | Примерно поведение | Оправдани | Просек по ученик за оправдани изостаноци | Неоправдани | Просек по ученик за неоправдани изостаноци | Вкупно изостаноци | Просек по ученик на вкупниот број на изостаноци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2024/2025 | 859 | 442 | 417 | 859 | 25767 | 29 | 205 | 0,23 | 25890 | 30 |
| 2023/2024 | 841 | 420 | 421 | 841 | 13467 | 16,01 | 154 | 0,18 | 13621 | 16,19 |
| 2022/2023 | 836 | 419 | 417 | 836 | 6635 | 7,94 | 181 | 0,2 | 6816 | 8,15 |

- Бројот на изостаноци во учебната 2024/2025 година во однос на претходната учебна година е зголемен поради заострени мерки за редовност кај учениците и ефектите од ревидираниот кодекс за однесување на учениците.
- Сите ученици имаат примерно поведение во текот на овие три учебни години.
- Од споредбените показатели може да се заклучи дека бројот на ученици во училиштето во континуитет се зголемува.

**Фактори кои придонесуваат за подобрување на редовноста и поведението на учениците:**
- Советодавна работа на стручните соработници, наставниците и директорот со учениците и родителите;,
- Навремена евиденција на редовноста на наставните часови;
- Почитување на правилата на однесување во училиштето и етичките кодекси;
- Почитување на процедурите за постапување при насилство;
- Нагласено вклучување на учениците во работата на училиштето преку наставните и вонраставните активности;
- Создавање позитивна клима за работа.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Тимот за професионална ориентација го сочинуваат предметните и одделенските наставници и стручните соработници. Во текот на учебната година се реализираат активности во насока на откривање на интересите и способностите на учениците. Континуирано се врши информирање на учениците за различните видови професии, начините за добивање на информациите, како и за постапките што ги презема Училиштето за реализација на ова подрачје од Програмата. Училиштата од средното образование вршат презентација на своите програми преку различни медиуми. Учениците добиваат сознанија за своите интереси и способности, како и насоки и препораки за струките во кои би дошле до израз нивните способности.

Подетален преглед на содржините и активностите во рамките на ова подрачје од програмата се содржат во Програмата за професионална ориентација на учениците која е составен дел на овој документ.

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Училиштето изготвува и применува политика која ја промовира добросостојбата на учениците, спроведува превенција од меѓуврсничко насилство и спречување на секаков облик дискриминација. Целта е намалување на насилното однесување на учениците и подигнување на свеста за можните последици. Училиштето изработува план и програма за намалување на насилното однесување на учениците во училиштето, во која се образложени начините и мерките што ќе се преземаат. Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде што се случуваат и презема соодветни мерки за справување и нивно разрешување.
За превенција од болестите на зависност училиштето има усвоено политика и програма за работа и едукација на учениците. Одделенските раководители и раководителите на паралелките на одделенските часови реализираат работилници од програмата за животни вештини. Идентификацијата на учениците кои имаат проблеми со зависности се врши во соработка со стручните соработници и родителите и се преземаат мерки за нивно надминување.
Идентификацијата на учениците кои имаат асоцијално однесување се врши во соработка со стручните соработници, а потоа се преземаат мерки за нивно надминување преку советување на учениците и родителите и известување до педагошката служба во МОН. Стручните соработници остваруваат соработка со Центарот за социјални грижи, МВР, Центарот за ментално здравје и други надлежни институции.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Предмет на оценување е напредувањето на ученикот во постигнувањето на воспитно-образовните цели под влијание на наставниот процес и другите воспитно-образовни активности, утврдени со планот и оваа програма, односно определување на вредноста на неговите постигања. При определувањето на оценката ќе се земат предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења, работните навики, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот. Ќе се следи, проверува и ќе се оценува оспособеноста за практична примена на знаењето во нови ситуации. Ќе се посвети внимание на вистинското следење на целокупниот развој на личноста на ученикот. Оценувањето, пред сè, ќе има за цел да ги подобри учењето и постигнувањето на учениците. Тоа поаѓа од целите на оваа програма и ќе ги зема предвид начините на учење и поучување. Учениците однапред ќе бидат запознаени со тоа што се очекува да го научат, базирано на целите од оваа програма и она што ќе биде оценувано. На учениците ќе им се објасни зошто се проверуваат и оценуваат нивните постигнувања и како ќе се користат добиените резултати. Во наставата централно место ќе има следењето на учењето на ученикот и формативното оценување. Процесот на проценка и бодирање на постигањата на учениците ќе биде соодветен на методот на оценување и ќе се спроведува според воспоставени процедури и упатства. Учениците, исто така, ќе бидат соодветно информирани за начинот на кој ќе се бодираат нивните одговори при оценувањето на постигањата. Информирањата за сознанијата од оценувањето ќе бидат навремени, јасни, точни и употребливи за заинтересираните субјекти и институции. Оценувањето треба да обезбеди целосни информации за постигањата на учениците, па затоа е континуиран процес и е составен дел од наставниот процес на учењето и поучувањето и ќе се базира на користење повеќе различни методи и техники.
Учениците од првиот период (I до III одделение) во текот на наставната година добиваат описни оценки за задолжителните и изборни предмети. Учениците од вториот период (IV до VI одделение) во текот на наставната година по задолжителните и изборни предмети се оценуваат со описни оценки, додека на крајот на учебната година се оценуваат со бројчани оценки и општ успех. Учениците од третиот период (VII до IX одделение) за задолжителните и изборни предмети се оценуваат со бројчани оценки и општ успех.

Комисијата за одделенски испит, поправен испит и испити за побрзо напредување ја формира директорот на училиштето и е составена од претседател и двајца членови-наставници, од кои еден член е наставник од соодветниот предмет.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците ќе се остварува според Правилникот за начинот на следење, проверување и оценување. Според тој правилник, предмет на оценувањето се постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, заинтересираноста и ангажираноста на ученикот во училиштето. Современата концепција суштината на оценувањето ја согледува во контекст на евалуацијата на целокупниот воспитно-образовен процес.

За вреднување на трудот на учениците ќе бидат применети сите типови проверка на знаењата: писмена проверка (преку изработка на писмени работи, тестови, работни листови и сл.), усно проверување на знаењата и комбинирано. Постојано ќе се прави следење на постигнувањата во реализацијата на програмите, анализа на резултатите по одделни предмети во одделните паралелки, следење на постигнувањата на секој ученик поединечно, како и осознавање на состојби значајни за квалитетна реализација на наставните курикулуми.

Следењето на напредувањето на учениците се врши, како од наставниците, така и од страна на стручните соработници на училиштето и директорот. Учебната година е поделена на четири класификациски периоди, кога се врши разгледување и анализирање на успехот, редовноста и поведението на учениците, што се согледува од дневникот на паралелката и од извештаите на наставниците. Така се собираат податоци кои ја карактеризираат континуираноста на оценувањето, дидактичката разновидност на формите, методите и средствата за оценување, разработеноста на критериумите за оценување и се предлагаат мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот.

Во текот на учебната година редовно се изработуваат компаративни анализи на состојбите со оценувањето, редовноста и поведението (квартално, по тримесечја, споредбено со извештаи за изминатите три години).

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во текот на наставната година директорот и стручните соработници вршат следење и вреднување на квалитетот на работата во воспитно-образовниот процес, преку посета на редовните, дополнителните и додатните часови, кај секој наставник**.** Директорот ја истакнува целта на посетата и по завршувањето на посетата на часот врши консултација со наставникот за реализираниот час, дава насоки за подобрување на наставата.

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование, спроведува самоевалуација на сопствената работа и постигања. По спроведената самоевалуација, училишната комисија изготви извештај во кој се определени јаките и слабите страни во работењето на училиштето и се даваат предлози и препораки за подобрување. Изготвениот извештај го достави до Училишниот одбор, директорот на училиштето, Општина Центар и Државниот испитен центар.

| **ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО - 2024 ГОДИНА** | |
|---|---|
| Јаки страни | - Наставниците се обучени и во наставата користат информациско комуникациска технологија согласно наставните содржини, се применуваат соодветни апликации и едукативни образовни софтвери.<br>- Во училиштето сите ученици со посебни образовни потреби имаат личен асистент.<br>- За сите ученици со предизвици, стручните соработници реализираат организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење.<br>- Училиштето спроведува специфични воннаставни активности по кои е препознатливо во средината, како што е Клубот за дебатирање. |

| | |
|---|---|
| | - Учениците учествуваат на меѓународни натпревари, како што се математичките и научните олимпијади и натпреварите во дебатирање на кои постигнуваат високи резултати.<br>- Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето.<br>- Изминатите години имаше четири мобилности на наш кадар и четири посети да наставници и ученици од други земји. Со ова рамената на искуства во нашето училиште доби и меѓународен карактер.<br>- Сите ученици независно од полот, етничка припадност и социјално потекло се еднакво подложени на воспитување и образование во училиштето.<br>- Успехот и постигањата на учениците се следат систематски, истите се споредуваат и се анализираат.<br>- Идентификацијата на учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби ја вршат наставниците и стручните соработници.<br>- Училиштето презема активности и поставува критериуми за идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби.<br>- Редовна комуникација со родителите за информирање во врска со успехот на учениците преку организирање родителски средби, отворени денови, приемни денови на наставници.<br>- Сите ученици ја завршуваат учебната година, нема ученици кои ја повторуваат годината.<br>- Училиштето има изградено свој препознатлив имиџ заради соодветн избор на наставен кадар кој континуирано работи на сопствен напредок и унапредување на наставата како и меѓусебна соработка, интеграција на содржини од наставни предмети и тимска соработка.<br>- Учениците постигнуваат висок успех и освојуваат голем број на високи награди на државно и меѓународно ниво.<br>- Во училиштето Кодексите на однесување се спроведуваат и почитуваат од страна на сите наставници, родители и ученици.<br>- При реализирање на наставата се води сметка за дисциплината и сите ученици имаат примерно поведение.<br>- Донесувањето одлуки и разрешување на проблеми е силна страна на учениците од V до IX одделение кои од година во година улогата на Училишната заедница и Ученичкиот парламент како и Ученички правобранител ја унапредуваат.<br>- Еднаквост и правичен третман, како и почитување на правата на децата е заеднички став на сите вработени, ученици и родители кои несебично даваат подршка во работата на училиштето постојано.<br>- Училиштето има изградена стратегија за справување со насилството во училиштето со што секој ученик во училиштето се чувствува прифатено, среќно и безбедно со изградена меѓусебна доверба.<br>- Во училиштето се работи на актуелни теми за булинг, пушење, алкохол и дрога со кои се засегнати учениците особено од VIII и IX одделение со цел јакнење на нивната самодоверба и одлучност.<br>- Училиштето има изграден систем на помош при изборот за продолжување на образованието за учениците од IX одд.<br>- Кај учениците висок е степенот на развиена емпатија и хуманост, толеранцијата и еднаквост (самоиницијативност за хуманитарни акции и помош на другарче).<br>- Родителите се добро информирани за работата на училиштето и имаат високо позитивен став за раководниот и наставниот кадар во училиштето и нивното работење.<br>- Наставниците се добро информирани и вклучени во работата на училиштето.<br>- Организациските способности на директорот поттикнуваат тимска работа и координација на успешни активности во училиштето.<br>- Висок степен на соработка помеѓу директорот, стручниот тим (психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор) |

| | |
|---|---|
| | и наставниот кадар.<br>- Училиштето користи современи методи и технологии за јавно и транспарентно информирање на родителите, учениците, наставниците и другите корисници на услугите.<br>- Во училиштето активно и транспарентно работи Училишниот одбор и Советот на родители и редовно се добиваат извештаите од нивната работа.<br>- Родителите се задоволни од наставниот кадар во училиштето, кој е квалитетен и компетентен.<br>- Родителите и учениците се особено задоволни од активностите на училишната библиотека, како и од нејзината достапност и отвореност за учениците |
| Слаби страни | - Дел од учениците сметаат дека наставниците не ги мотивираат доволно да го постигнат својот максимум и не ги пофалуваат доволно за трудот.<br>- Голем дел од родителите не се информирани или сметаат дека нивното дете не било вклучено во вонучилишни активности.<br>- Половина од родителите сметаат дека учениците немаат пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели).<br>- Поголем дел од наставниците и учениците се изјасниле дека имаат потреба од дополнителни ресурси кои им се потребни. Училиштето има недостаток на смарт табли.<br>- Една третина од родителите сметаат дека училиштето треба да понуди поголем избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.)<br>- Интересот на учениците од VI-IX одделение за додатна настава е помал во однос на оној во одделенска настава.<br>- Мотивираноста на учениците за учење и личен ангажман  не е на посакуваното ниво.<br>- Учениците посочуваат наставници кои не ја даваат вистинската поддршка и помош, не се доволно јасни и делуваат демотивирачки на учениците.<br>- Незадоволително присуство на родителските средби, особено на последната родителска средба, кога се изнесува и образложува оценката за секој ученик, пооделно.<br>- Училиштето спроведува работилници поврзани со грижата и развојот на социо-емоционалниот развој кај учениците но, истите не доведуваат до посакуваното ниво позитивен исход особено кај учениците од VI до IX одделение.<br>- Во училиштето се води грижа за хигиената и здравјето на учениците но, тоалетите се` уште (особно во периодот на дождови) претставуваат точка на особено внимание.<br>- Организација на игровни катчиња /активности и холти-културно уредување на училишниот двор со голем акцент на одржување на хигиената (од причина што низ училишниот двор минува пешачка патека која ја користи локалното население и единственото место каде локалното население го поминува голем дел од слободното време).<br>- Наставниците не се целосно задоволни од тоа колку средства и опрема им нуди училиштето за реализација на наставните и воннаставните активности. (задоволни се 66% од наставниците, додека не се задоволни 34% од наставниците).<br>- Училишната библиотека не располага со просторни капацитети за престојување на учениците односно за читање и учење во библиотеката.<br>- Наставниците и родителите не се доволно информирани за трошењето на училишниот буџет иако тој е објавен на веб страната на училиштето (26% од родителите не се согласуваат дека се запознаени со буџетот, додека дури 42% од нив не знаат/немаат информација за истото). |

| | |
|---|---|
| Предлози и препораки | - Вклучување на учениците во планирањето на активностите и донесувањето одлуки во училиштето.<br>- Дефинирање стратегија за надминување на чувството на демотивираност кај учениците од третиот наставен период.<br>- Зголемување на бројот на ученици вклучени во групни мобилности во Еразмус плус проекти и еТвининг проекти.<br>- Обезбедување на смарт табли, компјутери за сите наставници и потрошен материјал за работа на часовите.<br>- Систематизирање, дефинирање и зголемување на бројот на воннаставни активности.<br>- Определување јасни критериуми за оценување и напредок, кои ќе бидат достапни за учениците и родителите - персонализиран план за учење, нивно ревидирање, анализа и информирање на родителите за напредокот.<br>- Формирање тим за индивидуализиран пристап кон учениците, кој ќе обезбеди континуирана дијагностика, поддршка и активности за учениците кои се истакнуваат во одредени области.<br>- Воведување на т.н. туторски програми преку кои напредните ученици ќе можат да им помагаат на своите врсници во работата и учењето.<br>- Формирање работни групи и тимски средби на наставници и стручни соработници за споделување идеи, иницијативи, добри практики и проекти.<br>- Работа на развој на социо-емоционалната состојба кај учениците и грижа за менталното здравје.<br>- Да се планираат/обезбедат повеќе опрема и средства за наставниците за реализација на наставните и воннаставните активности.<br>- Да се обезбедат просторни услови/ресурси за медијатека односно читална за учениците.<br>- Вклучување на родителите/наставниците во креирањето на училишниот буџет и поголемо информирање за неговото трошење. |

# 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста). Безбедноста на учениците во училиштето како важен елемент, исто така, ќе биде дел од оваа програма и ќе се реализира во соработка со надлежните институции. Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување, кое е ангажирано од агенција за обезбедување, што ќе биде финансирано од страна на Општина Центар. Учениците од одделенската настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурниот наставник, сè додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Училиштето има изработено План за заштита и спасување, кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди.

Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

- Правилник за заштита од пожари, поплави и слични закани и ризици, како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор;
- План за заштита и спасување, во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди;
- План за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди;
- План за добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација;
- Куќен ред, со одредби во него: за учениците, наставниците, стручните соработници, административниот и раководниот кадар, помошните работници;
- Кодекс на однесување за наставниците и стручните соработници, за учениците и родителите;
- Распоред на дежурства на наставниците, кој е истакнат на видно место. Со обезбедување дежурство од страна на наставниците за време на големиот одмор и одморите меѓу часовите, се води грижа за безбедноста на учениците.

# 18. Грижа за здравјето

## 18.1. Хигиена во училиштето

И оваа учебна година приоритет на нашето училиште ќе биде обезбедување чиста и здрава средина и околина за сите.
Преку советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично ќе се поттикнува свеста кај учениците за одржување на личната и општата хигиена.
Дежурните наставници за време на одморите, хигиено-техничкиот персонал и сите други субјекти и за време на часовите ќе се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор. Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите ученици и вработени во училиштето, во непосредна соработка и поддршка од родителите, здравствената служба и пошироката заедница. Тоа влијае на унапредување на здравјето и благосостојбата на сите, при што ќе се негува здрав стил на живеење.

## 18.2. Систематски прегледи

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I, III, V, VII и IX одделение, кои опфаќаат: мерење висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабораториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).
Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I до VI одделение, како и залевање на забите, откривање деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и тие се изведуваат во амбулантата на училиштето во присуство на одделенските раководители и родителите на учениците од помалата возраст.
При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се доставува и потврда за имунизација, офталмолошки и стоматолошки преглед за детето како услов за запишување. Во текот на целата учебна година на учениците им се одржуваат предавања и работилници за оралната хигиена.
Сите вработени еднаш годишно одат на санитарен преглед, а на секои две години на систематски преглед.

## 18.3. Вакцинирање

Имунизација (вакцинација) се врши за ученици од одделенска и предметна настава. Опфатени ученици за вакцинација и имунизација се учениците од I, II, VI, VIII и IX одделение. Имунизацијата се врши во Диспанзерот за школска медицина при Поликлиника Бит Пазар во присуство на родителите и одделенските раководители. Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат.
За учениците од I одделение со навршени шест години - ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит), II и III одделение - ревакцина DT Polio (дифтерија, тетанус) и „манту“ тестирање за TBC. По добиените резултати од проверката следува вакцина. Учениците од VII одделение примаат вакцини за детска парализа и тетанус по кои следуваат ревакцини. Во периодот до 12-13 години следуваат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.
Во IX одделение - само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.
Одговорно лице од училиштето кое ги информира родителите, преку одделенските раководители, за спроведувањето на редовните систематски прегледи и вакцинации е педагогот на училиштето.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Организирањето на оброците за учениците од прво до трето одделение е во училишната трпезарија. Храната се подготвува во училишната кујна. Учениците имаат два оброка (појадок и ручек) и ужинка. Се води грижа и за квалитетот на храната во училишната кујна за учениците со продолжен престој, во согласност со Правилникот за стандардите за исхрана и оброците во основните училишта.

Едукацијата на учениците за здрава храна се реализира преку едукативни предавања од здравствени работници и експерти од таа област, кои се реализираат во вонннаставните активности. Покрај тоа, и наставниците на часот на одделенската заедница обработуваат теми за здрава храна. Исто така, на редовните часови обработуваат содржини поврзани со здравиот начин на исхрана и живеење (биологија, природни науки, унапредување на здравјето како изборен предмет).

Свесноста за важноста од здравата исхрана како важен фактор за здравјето на учениците ќе се поттикнува преку предавања и работилници кои ги организира училиштето во соработка и поддршка на родители, индивидуални совети за учениците.

# 19. Училишна клима

## 19.1. Дисциплина

Одговорни за дисциплината во училиштето се сите вработени и учениците, согласно етичкиот кодекс на однесување на сите субјекти. За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред. Се изработуваат правилници и кодекси за однесување. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со учество на сите структури поодделно. Постои заемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците, преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници, ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните збиднувања. Училиштето презема мерки за подобрување на однесувањето на учениците и вработените во насока на превенција на насилното однесување во училиштето.

Училиштето ги спроведе следните активности:

- ангажирана е агенција за обезбедување,
- организирани се дежурства од страна на наставниците во училишните холови и училишниот двор,
- поставени се дежурни ученици на влезната врата за контрола на влегување на надворешни лица во училиштето,
- формирани се тимови на наставници и ученици за превенција на насилното однесување во училиштето,
- реализирани се обуки на учениците за решавање конфликти,
- создадени се процедури и инструменти за следење и евидентирање на несоодветно однесување на учениците,

Во рамките на ова подрачје, и оваа учебна година ќе се продолжи со активности за превенција на насилното однесување во кои ќе бидат вклучени учениците, родителите и наставниците. Планираните активности може да се согледаат во програмите за работа на Ученичкиот парламент, Програмата за работа на Советот на родители и Програмата за превенција на насилното однесување, кои се дел од прилозите на оваа програма.

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Училиштето ги исполнува условите за изведување на наставата според одредени нормативи. Постојат и се почитуваат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работата на наставниот кадар и за организирање на вонннаставните активности на учениците. Се вложува во обезбедување пријатен простор каде што учениците ќе се чувствуваат пријатно и во самата училница ќе се поттикнува чувството дека секој ученик е дел од паралелката и училиштето и можноста да се напредува и креативно да се размислува.

Во естетското уредување на просторот ќе бидат вклучени наставниците, учениците, родителите и техничкиот персонал како поддршка. Особено ќе се води сметка за:

- Создавање и одржување на училишната иконографија, соодветна на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција
- Истакнување трудови од учениците при што ќе се внимава да нема дискриминација по која било основа
- Поставување информативни паноа на соодветни места во училиштето со што ќе се придонесе за поголема информираност на родителите.

**Тим за изработка на план за естетско и функционално уредување на просторот**:

- Елизабета Даскалова
- Катерина Данилоска Поповска
- Татјана Таневска
- Александар Гарески
- Ученици од прво до деветто одделение.

## 19.3. Етички кодекси

Училиштето има донесено етички кодекси за однесување на ученици, родители и вработени. Етичките кодекси се разгледани и усвоени од Ученичкиот парламент, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор. На почетокот на секоја учебна година, на одделенските часови учениците се запознаваат и се потсетуваат за кодексите на однесување. Родителите се потсетуваат и запознаваат со кодексот на однесување на родителските средби, додека наставниците на наставничките совети.

По потреба, етичките кодекси се променуваат и тие промени се разгледуваат и прифаќаат од Ученичкиот парламент, Наставничкиот совет и Советот на родители со цел да се надминат критичните точки во комуникацијата. Во септември ќе се разгледа Етичкиот кодекс и доколку се согледаат потреби, ќе се направат промени.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби. За подобрување на училишната клима и односите во училиштето може да се организираат заеднички состаноци-работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата, а ќе се организираат и заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Во училиштето постои соработка и корелативни врски меѓу сите постојни структури (раководен орган, стручни соработници, стручни активи, Училиштен одбор, Совет на родители, технички персонал и др.)

Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените, кои ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, полот, етничката припадност, верата и потеклото) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

**Тим за градење на односи меѓу структурите во Училиштето:**

- Катерина Атанасова – директор
- Ана Сенчук - педагог
- Бојана Мојсова Ивановска – претставник од УО
- Слаѓана Марјановиќ Пановска – претставник од Совет на родители
- Јасмина Михаиловска - претставник од Наставнички совет
- претставник од Ученички парламент (избор во септември 2025)
- Лидија Петрушевска – економ.

# 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Динамичните процеси на живеењето ја наметнуваат динамиката на современото образование, кое ја иницира потребата од континуиран професионален развој на образовниот кадар.

Професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар подразбира секојдневно професионално и лично напредување на наставникот. Овој долготраен, континуиран процес, кој започнува на почетокот на оваа професија и трае до крајот на целиот живот, се реализира на најразлични начини и подразбира оспособување на наставникот со нови знаења, вештини, способности, стратегии во соодветните области и оспособеност за примена на соодветна технологија.

**Тим за професионален развој:**

- Катерина Атанасова – директор
- Ана Сенчук - педагог
- Елена Петровска - психолог
- Билјана Стојаноска – наставник-ментор
- Татјана Шекеринова – наставник по одделенска настава

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

За учебната 2025/2026 година, училиштето ги утврди приоритетите кои се во согласност со:
- мисијата и визијата на училиштето,
- заклучоците од самоевалуацијата,
- интегралната евалуација,
- новините и насоките дадени од МОН и БРО.

Овие потреби и приоритети се однесуваат на целокупниот кадар на училиштето за личен и професионален развој.

И оваа учебна година Тимот за професионален развој на училиштето, покрај тековните потреби, посебен приоритет и акцент ќе даде на поддршка и справување со насилно однесување кај учениците и безбедно работење во училница.

- Планирање на наставните содржини усогласени со средината и времето на учење.
- Поддршка во насока на објективно оценување.
- Креирање применливи работилници за учење на вештини.
- Работа со ученици со посебни образовни потреби и предизвикувачко однесување.

Наставниците, исто така, ќе имаат можност самите да предлагаат теми за обуки до тимот за професионален развој во училиштето, секако, врз основа на потребите што ги идентификувале во текот на работата.

Наставниот кадар на училиштето има желба и капацитети за постојано доусовршување во сите сфери во современото работење:

- Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем
- Поучување и учење
- Создавање стимулативна средина за учење
- Социјална и образовна инклузија
- Грижа за менталното здравје на учениците и вработените
- Комуникација и соработка со семејството и заедницата
- Професионален развој и професионална соработка.

На секоја покана упатена кон нашето училиште за професионален развој на наставниот кадар, Наставничкиот совет одлучува за наставникот или тимот на наставници кои ќе ја посетуваат дадената обука.

## 20.2. Активности за професионален развој

Следејќи ги законските потреби за задолжително стручно усовршување на наставниците во основното училиште пред почетокот на учебната година редовно се евидентираат потребите на наставниците за стекнување и унапредување на знаења и вештини со што ќе се унапреди и личната и професионалната надградба. Водејќи се од индивидуалните планови на наставниците за професионален развој, Училиштето изготвува програма која овозможува и поддржува активно учество на сите семинари и едукативни работилници.

Наставниците континуирано стручно се усовршуваат заради подобрување на стручните способности и давање поквалитетни образовни услуги. Наставниот кадар добива можност да учествува на семинари и обуки организирани од страна на БРО и МОН, како и од акредитирани организации од МОН.

Врз основа на тоа ќе бидат изработени акциски планови и ќе се направи дисеминација на обуките. На крај, ќе се направи нивна евалуација за да се утврдат приоритетите за професионалниот развој на наставниците за следната учебна година. Стручниот тим во училиштето активно ќе работи на континуираниот професионален развој на наставниците преку обуки и предавања, но и преку редовни консултации за квалитетни дневни, краткорочни, долгорочните планирања, како и во насока на редовно водење педагошка документација и евиденција.

## 20.3. Личен професионален развој

Задолжителен дел на воспитно-образовниот процес е постојаната и континуирана надградба на образовниот кадар. Со цел да се постигне личен и професионален развој, секој наставник континуирано посетува организирани семинари, обуки, презентации, конференции, како и ги следи и почитува сите законски промени во воспитно образовниот процес.

- Секој наставник води сопствено наставничко портфолио кое претставува збирка од трудови од неговата работа и изработките од учениците.
- Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие во кое се следи нивниот професионален развој.
- Директорот на училиштето го следи професионалниот развој на стручните соработници преку водење на нивното професионално досие.
- Стремежот за личниот професионален развој кај наставниците, покрај тоа што е воден од сопствените желби за професионално надградување, поттикнат е и преку вреднување на нивните новостекнати знаења кои тие успешно ги применуваат во секојдневната работа, со издавање сертификати, кои се мотив повеќе за активно учество на семинари, обуки и работилници.

## 20.4. Хоризонтално учење

За хоризонталното учење од особена важност е тимската работа во училиштето. Професионалниот развој во училиштето се одвива и преку хоризонтално учење при што наставниците учат едни од други и реализираат организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства, во училиштето и помеѓу повеќе училишта.

Овој вид учење ќе се реализира преку:

- состаноци на ниво на стручни активи,
- отворени часови,
- работилници,
- секции,
- реализација на проекти,
- поврзување со други училишта
- информирање и координирани активности со невладини и меѓународни организации,
- поддршка (менторирање) на наставници приправници,
- организирање дебати, панел-дискусии, презентации и слично, на кои ќе се разгледуваат теми од образованието, во училиштето или во соработка со другите училишта од општината.

Носители на сите овие активности ќе бидат наставниците, стручните соработници и директорот на училиштето, а ќе се спроведуваат во текот на целата наставна година. При овој процес ќе се врши размена на нови методи и техники за работа, употреба на дигитални алатки и техники. На овој начин ќе се овозможи несебично споделување на стекнатите искуства и знаења, како и подобрување на компетенциите на наставниците.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Воспитно-образовниот кадар на училиштето ги знае:

- Основните професионални компетенции што треба да ги поседува наставникот
- Професионалните стандарди за наставник – ментор
- Професионалните стандарди за наставник – советник

Училиштето прави проценка на наставникот кој се пријавил за напредување во звање преку транспарентен процес и прибирање информации од сите чинители на воспитно-образовниот процес. Проценката се прави преку процес базиран на информации од родители, ученици, наставници, добиени преку разговори и анкети, како и преку училишна документација.

Во учебната 2025/2026 година, во Училиштето се ангажирани двајца наставници-приправници, со поддршка, водство и следење од страна на ментор.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во нашето основно училиште во кое добрата соработка со родителите на учениците се негува како традиција, родителите и локалното население постојано тежнеат да бидат дел од развојот на училиштето.

- Советот на родители изготвува Програма за работа;
- Отворен ден за прием на родители, истакнат на видно место и информирани родители на родителски средби;
- Вклученост на родителите во процесот на учење;
- Родителите даваат мислења и сугестии за измени и дополнувања на секаков вид планирања, постојано се информираат за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба, учениците;
- Семејството помага во прибирањето дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали. Родителите учествуваат во акции, донаторски, хуманитарни, активности од забавно-културен карактер и други активности кои ќе се реализираат во училиштето и во локалната средина.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Се предвидуваат повеќе активности со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите и да се овозможи поголемо вклучување во животот и работата на училиштето. Такви активности се следните: одбележување на патрониот празник, инклузивни тимови, поддршка на талентираните ученици, учество во реализација на часови од различни области – родители-предавачи, организирање хуманитарни базари и еко-акции и др.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Во учебната 2025/2026 година се планира да се продолжи со организирање и реализација едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, училишни весници. Советодавно-консултативните работилници може да бидат индивидуални и групни.

Тимот за едукација на родители/старатели е составен од директор, стручните соработници и наставници од предметна и одделенска настава. Времето на реализација е континуирано во текот на целата учебна година.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето не е изолирано од своето опкружување, па затоа постојано учествува во активностите на локалната заедница. Училиштето ги отсликува културните вредности на локалната заедница, тие се видливи и се дел од училиштето. Училиштето постојано ги унапредува организициските вештини за да го препознае локалниот контекст во кој се наоѓа Училиштето и да се промовира на тој начин.

Подрачјето за соработка со локалната самоуправа е основа за воспоставување врска помеѓу претставници од локалната самоуправа и Училиштето. Основна цел на оваа соработка е да се идентификуваат прашања и проблеми од заеднички домен.

Да се реализираат активности во неколку нивоа:

- Учество во одбележување на настани од локален карактер;
- Присуство на претставници од општествени, културни, здравствени, социјални установи во одбележувањето на Патронот на училиштето;
- Преземање активности со соодветни институции на локално ниво во општината со цел да се остварат бројни активности исполнети со културни и образовни содржини наменети за граѓаните од средината во која работи и живее Училиштето:
- Ликовни и литературни конкурси, изложби, промоции;
- Одржување отворени трибини и теми за актуализирање на одредени тековни проблеми и промовирање на работата на Училиштето, да се планираат и реализираат отворени емисии, разни соопштенија на локалните медиуми;
- Изработување и промовирање на проекти, донаторски акции, манифестации, саеми на креативност;
- Учество во одбележување на настани и други активности од локален карактер.
- Активно вклучување на претставници од локалната самоуправа во работата на училиштето, пред сè, со тоа што ќе се прифатат нови идеи со цел за да бидат поставени нови, повисоки критериуми и барања за остварување подобри резултати.
- Училиштето максимално да се вклучи во помошта на учениците од социјално ранливите категории, да се обезбедат материјали за работа, бесплатно учество на екскурзии, постојана соработка со Црвениот крст и други организации и здруженија.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Имплементацијата и реализацијата на годишната програма за работа на училиштето ќе биде следена од страна на директорот, педагогот на училиштето и државниот просветен инспекторат. За таа намена ќе бидат изготвени инструменти за следење на пооделни подрачја.

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуација на годишната програма за работа на училиштето ќе се прави преку полугодишниот и годишниот извештај за работата на Училиштето. Тимот што ќе ја прави евалуацијата е составен од директор, стручни соработници и наставници.

## 25. Заклучок

Изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование, Законот за локална самоуправа, како и Статутот на училиштето. Програмата претставува документ кој ги содржи сите важни информации за работата на училиштето и остварувањето на целите за работа во учебната 2025/2026 година. Таа, во суштина, писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници и наставниците) во остварувањето на дејноста на училиштето. При изготвувањето се земени предвид реформските промени, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности предвидени со годишната програма за работа, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализацијата на планираните активности, како и желбата да се унапреди воспитниот и образовниот процес.

Информациите во програмата се методолошки и хронолошки подредени според Правилникот за изготвување Годишна програма за работа и главно се однесуваат на следните процеси: лична карта на училиштето, услови за работа – ресурси (просторни и други услови на работа), реализација на наставните планови и програми, ученици (постигања на учениците во сите наставни и воннаставни области), учење и настава, планови и следење, поддршка на учениците, училишна клима (соработка со родителите и локалната средина, со локалната самоуправа и другите институции, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, меѓународната заедница, остварувањето интерни и екстерни проекти и др.), управување и раководење, стручни органи, директор и стручни соработници.

Годишната програма ни дава интеракциски однос помеѓу наставниот и другиот стручен кадар и учениците, од една страна, и учеството на родителите и локалната средина, од друга, преку следење на реализацијата на целокупната воспитно-образовна работа на училиштето што опфаќа и се проектира преку неколку аспекти кои доаѓаат до израз во нејзината содржинска реализација, а тоа се:

- согледување за степенот на нејзината квантитативна и квалитативна димензија;
- диспропорција помеѓу планираните и реализираните содржини односно динамиката на реализација на програмата во одделни периоди;
- учество на субјектите во реализација на програмата;
- согледување на причините и отстапувањата помеѓу планираните и реализираните содржини;
- начини на реализација и остварување на планираните цели и содржините во наредната учебна година.

Целта на оваа програма е да обезбеди јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во креирањето и програмските определби за работа.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Со Одлука бр.02-155/1 од 25.06.2025 год. е составена Комисија за изработка на годишната програма за работата во Училиштето во состав:

1. Катерина Атанасова – Директор
2. Ана Сенчук – педагог
3. Елена Петровска – психолог
4. Верица Неделкоска – наставник по македонски јазик
5. Јасмина Михаиловска – наставник по одделенска настава
6. Катерина Данилоска Поповска – наставник по одделенска настава
7. Наташа Ѓорѓиоска – одделенски наставник

## 27. Користена литература

Документи врз кои се темели Годишната програма:

- Законот за основно образование;
- Националната програма за развој на образованието;
- Наставните планови и програми;
- Концепција за основно образование;
- Статутот на училиштето;
- Програма за развој на училиштето;
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, посети и увиди од Државниот просветен инспекторат, од самоевалуацијата, програмата за развој, записници и др).

# ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 1. Годишна програма за работа на директорот

**Реализатор**: директор Катерина Атанасова

Планирањето и програмирањето на работата на директорот овозможува воспоставување солидна организација на сите активности, подигнување на квалитетот на педагошко-инструктивната работа и административно-организациската работа на училиштето, воопшто, бидејќи со нив се овозможува:

- Заштита на законитоста на работењето согласно законските одредби, акти, прописи на сите сегменти од интегралното работење на училиштето;
- Целисходност и јасна ориентација во остварување на задачите;
- Организираност и усогласување на работата и комуникацијата на сите субјекти;
- Систематичност и рамномерно распоредување на програмските задачи во текот на учебната година;
- Можност и анализирање на работата и оценување и вреднување на резултатите;
- Сигурност и успех со повисоки цели во работењето.

***Следење на организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и друга стручно-педагошка работа во училиштето***

- Увид, следење, координирање и насочување на наставата и воспитно-образовната дејност од страна на наставниците (годишните, тематските, дневните и друг вид планирања);
- Увид, контрола и следење на остварувањето на стручните, оперативно-организаторските, материјално-техничките и дидактичко-методските подготовки за реализација на наставната и воннаставната воспитно-образовна работа од страна на наставниците и другите носители;
- Следење на непосредната реализација на задачите и содржината на наставата, воннаставната дејност, од аспект на општата организација и артикулација на наставните часови (преку посета на наставни часови), примена на современи форми и методи, застапеноста и користењето на современите наставни средства и други технички помагала, воспитната насоченост и слично, во рамки на мрежно планирање;
- Учество во остварувањето на задачите во врска со вреднувањето на работата на наставниците и другите стручни соработници според критериумите на методологијата на вреднување на воспитно-образовната работа на училиштето.

***Перманентно стручно, педагошко-психолошко усовршување на наставникот, воспитниот и друг стручен кадар во училиштето***

- Планирање на потребите и упатување на кадарот на стручно усовршување надвор од училиштето, организирано од страна на соодветни стручни институции во вид на семинари, обуки, симпозиуми и други форми;
- Следење и координирање на планирањето, програмирањето и реализацијата на разните форми на активности на стручно усовршување на кадарот во рамките на училиштето, како и укажување помош на соодветни служби во непосредната организација и реализација на стручното усовршување;
- Индивидуална работа на сопственото стручно усовршување и учество на советување, семинари и други форми организирани од страна на стручни институции;
- Изготвување соодветни стручни материјали за потребите на стручно усовршување во училиштето и надвор од него и учество на кадарот во нивното изготвување.

***Работа со наставниците и друг стручен кадар – почетници***

- Планирање и воведување во работата;
- Одредување ментор на секој почетник и следење на тимот;
- Запознавање со концепцијата и општата програмска структура и можностите на училиштето да ги остварува целите, задачите и содржините на основното образование и воспитание;

- Воведување во задачите на наставните предмети што ги предава наставникот-почетник во работата и образовните услови во училиштето за нивна реализација;
- Запознавање со неопходните видови планирања, како на ниво на училиште, така и за наставниот предмет и другите задолженија на наставникот-почетник;
- Непосредна стручна и дидактичко-методска помош во реализација на наставата и другата воспитно-образовна дејност и упатување на соработка со поискусни наставници-развивање и негување на тимска работа и учество во активите;

***Работа со стручните органи во училиштето***

- Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет на училиштето и грижа за реализација на програмските задачи;
- Подготовка и активно учество на седниците на Наставничкиот совет (планирање на содржините на дневниот ред на состаноците, задолжување на одделни наставници или други субјекти за подготовка на материјали, подготвување предлог-заклучоци, препораки и слично што треба да се усвои на Наставничкиот совет, определување на времето на состаноците, навремено известување на членовите на Советот, укажување како да се подготват конструктивни дискусии, планирање на времетраењето на излагање на секој поединец итн.;
- Раководење со седниците на Советот, грижа за квалитетна работа во интерес на донесување соодветни заклучоци и придонес во разрешување на проблемите;
- Јавност и транспарентност во работењето;
- Воведување во демократска атмосфера на раководење, со чист и јасен пресек на должностите и обврските на секој поединец, неговите ингеренции, хоризонтална и вертикална синхронизираност на заедничкото делување на колективот;
- Помош во планирањето и програмирањето на работата на Совет на родителите;
- Следење и реализација на пропишаните задачи на Одделенскиот совет на родителите и на одделенскиот раководител, координирање и насочување на нивните квалитети и насочување на нивните активности и укажување на соодветна стручна и друга помош;

***Аналитичко студиска работа***

- Проучување и анализирање карактеристични проблеми на наставно-образовниот процес (воспитни проблеми, општи наставни проблеми, одделни проблеми на паралелки и наставни предмети, проблеми во врска со активноста и работата на учениците итн.);
- Проучување и анализирање на глобалното планирање на ниво на училиште, како и планирањето и програмирањето на наставниците и другите стручни соработници;
- Изготвување анализи, осврти, извештаи, информации и други стручни материјали во врска со реализацијата на програмите во воспитно-образовната работа, успехот на учениците, организациската поставеност и работата на ученичките организации и нивните слободни активности, педагошка документација, резултати од наставно-воспитниот кадар и сл.;
- Упатување и оспособување на наставниците и другите стручни соработници за аналитичко-студиска работа;
- Унапредување на сопствениот едукациски потенцијал и самообразование во соработка со соодветни институции, други директори, наставници.

***Соработка со учениците и нивните организации***

- Укажување стручна и друга помош во конституирањето и организациската поставеност на ученичките заедници на паралелките, општествените организации на учениците за нивните слободни активности;
- Следење на состојбата, насочување на активностите и учество во давањето помош во врска со планирањето и програмирањето на работата и реализацијата на програмските содржини на ученичките заедници, организации, слободни актвности;
- Непосредно учество во работата на состаноците на ученичките организации и формите на ученичко организирање;

- Учество во насочувањето и давањето помош во организирањето на културно-забавниот живот на учениците во училиштето и користењето на нивното слободно време;
- Вклучување на учениците во работата на стручните органи во училиштето;
- Координирање и насочување на активностите и непосредната работа со одделни категории ученици (талентирани, со послаб успех, со посебни потреби, социјални случаи и сл.), како и укажување соодветна помош на наставниците за унапредување на формите и методите на работа со различни категории ученици итн.

***Соработка со родителите на учениците***

- Учество во планирањето, координирањето и насочувањето на реализацијата на разновидните форми на соработка меѓу училиштето и родителите на учениците, а особено преку Советот на родители;
- Планирање и подготовка и реализација на родителските средби на ниво на училиште;
- Помош во планирањето, програмирањето и насочувањето на активностите за информирање на родителите и учениците по паралелки и одделенија и на состаноците на Советот на родители;
- Организирање и координирање и насочување на активностите за информирање на родителите и учениците за животот, работата и постигнатите резултати на учениците и училиштето, како и вклучување на родителите во подобрување на условите за работа на учениците во училиштето;
- Непосредно учество во реализацијата на формите на педагошко образование на родителите, како и укажување помош во реализација на овие задачи од страна на наставниците и другите стручни соработници на училиштето;
- Следење, насочување и непосредно учество во реализација на индивидуалните и групните форми на советодавна работа со родителите на одделни категории ученици (ученици со потешкотии, со девијантно однесување, талентирани ученици и сл.);

***Соработка со органите на управување***

- Во реализирањето на системот на управувањето директорот, како член на работната заедница и како раководител на училиштето, со својата работа ќе придонесува за развојот на управувањето на училиштето, пред сè со заштита на законитоста на работењето. При реализација на таа задача директорот дава перманентна стручна помош на органот на управување која се состои во подготвувањето заклучоци, одлуки и нивно спроведување во пракса;
- Директорот ќе ги спроведува и извршува одлуките на Училишниот одбор кои се во согласност со позитивните законски прописи, нормативи, акти и перманентно ќе ги следи законските прописи, со цел нивно аплицирање и практична соодветна примена во сите сегменти од делокругот на училиштето на кои се однесуваат.

***Работа на директорот како претставник на училиштето***

- Во границите на своите овластувања и должности директорот ќе биде во постојана соработка со Општина Центар, Град Скопје, Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука, како и општествените, синдикалните и други организации заинтересирани за воспитно-образовната работа на училиштето.
- Остварува посебни активности со претпријатија од секторите индустрија, трговија, услуги, а особено со органите на локалната самоправа за реализација и организирање на давање помош за подобрување на условите за работа на учениците во училиштето. Со овие активности и со активна ангажираност на училиштето во општествената средина ќе придонесе за поголема афирмација на училиштето во рамките на градот и пошироко.
- Директорот и сите вработени, заедно со Училишниот одбор и Советот на родители, ќе иницираат и развијат соработка со дипломатски претставништва, конзулати, хуманитарни организации регистрирани во РМ, со цел преку заедничкото запознавање да се добие вистинска слика за нашата земја и предностите, проблемите, реалниот живот и потенцијалите на Република Северна Македонија со цел да се запознае пошироката светска јавност со нашата земја, училиштето и можностите на учениците.

**Работа на директорот во управно-правните, административните и материјално-финансиските работи**

- Во остварувањето на својата управна функција директорот се грижи за доследно спроведување на Законот за основно образование, нормативните акти сврзани со основната задача на училиштето и други закони, прописи, нормативи и акти кои се однесуваат на училиштето како интегрална целина и дел од општествената заедница;
- Наставните планови и програми и нивната реализација се приоритет во работата на директорот, кој се грижи за спроведување на нормативните акти на училиштето, водејќи сметка за сестрана дисциплина и одговорност во работата на сите членови на работниот колектив;
- Директорот ќе дава помош во административната работа и реализирањето на материјално-финансиското работење. Посебна грижа на директорот е да води сметка за поголема ангажираност и рационалност на овој вид работа. Директорот мора да ги спроведе во пракса законските прописи и да врши усогласување на актите на училиштето со тековната законска регулатива на сите полиња од работењето.

**Табеларен приказ за планираното работење на директорот**

| Ред. бр. | Содржина | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1. | Анализа на материјално-техничката состојба во училиштето | Август | Административно-технички персонал |
| 2. | Анализа на кадровската состојба - состојби и потреби | Август | Секретар |
| 3. | Изготвување Годишна програма за работа на училиштето | Јули/август/септември | Тим од наставници, стручни соработници, секретар |
| 4. | Изготвување Годишна програма за работа на директорот | Мај/јуни/август/септември | Тим од наставници, стручни соработници, секретар |
| 5. | Распоредување часови, задолженија и одредување одделенски раководители | Август | Тим од наставници, стручни соработници |
| 6. | Следење, анализирање, вреднување, давање повратна информација за организација и реализација на воспитно-образовната работа во училиштето | Во текот на учебната година | Тим од наставници, стручни соработници |
| 7. | Анализа, интерактивни состаноци со повратна информација и сугестии за подобрување на планирањата на работата на наставниците | Август/септември | Наставници, стручни соработници |
| 8. | Следење на планирањата на објективното оценување на учениците со поттикнување на самопроценување на приодот на наставниците | Октомври/декември/ март/мај | Тим од наставници, стручни соработници, секретар |
| 9. | Следење на водењето на педагошката евиденција и документација | Октомври/ноември/ јануари | Тим од наставници формиран за прегледување документација |
| 10. | Најавена посета на наставни часови со цел следење на реализација на наставата | Во текот на учебната година | Наставници, стручни соработници |
| 11. | Поттикнати дискусии со наставници во функција на процена и самопроцена на квалитетот на наставата и вонаставните активности со поддршка и поттикнување на искуствено учење | Во текот на учебната година | Наставници, стручни соработници |
| 12. | Предавања и работилници на теми поврзани со проектот за објективно оценување осовременување на наставата | Август, септември, декември, април | Наставници, стручни соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13. | Предавања и работилници на теми поврзани со Програмата на Училишниот центар за ненасилство и миротворење | Септември, јануари, март | Наставници, стручни соработници и членови на Советот од родители |
| 14. | Учество во креирањето тестови, контролни задачи и прашалници за објективно оценување - вреднување на ученички знаења | Во текот на учебната година, по потреба | Наставници |
| 15. | Обезбедување на училиштето со стручна литература | Во текот на учебната година, по потреба | Стручни соработници, наставници |
| 16. | Стручно усовршување на наставниот кадар (интерни семинари) | Во текот на учебната година | Стручни соработници, наставници |
| 17. | Изготвување стручни материјали по потреба | Во текот на учебната година | Стручни соработници, наставници |
| 18. | Работа со наставници и со стручната служба | Во текот на учебната година | |
| 19. | Организација на работата во училиштето и водење педагошка документација | континуирано | Стручни соработници |
| 20. | Поттикнати дискусии со наставници кои реализираат активности поврзани со проекти | по потреба | Наставници |
| 21. | Упатства за работа на наставниците со талентирани ученици | континуирано | Наставници |
| 22. | Планирање на работата на одделенски совети | прво и второ полугодие | Стручни соработници, наставници |
| 23. | Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет | Август/септември | Стручни соработници |
| 24. | Планирање, организирање и водење состаноци | Во текот на учебната година | Стручни соработници, секретар, наставници |
| 25. | Помош и учество во работата на стручните активи | Во текот на учебната година | Стручни соработници, наставници |
| 26. | Следење на реализацијата на програмските задачи на наставниците | Во текот на учебната година | Наставници, стручни соработници |
| 27. | Анализа и подготовка на извештаи за успехот, поведението и редовноста на учениците/презентација на Наставничкиот совет и пред Училишниот одбор | На крајот на првото и второто тримесечје, на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година | Стручни соработници, наставници |
| 28. | Упатување на наставниците во истражувачки активности | Во текот на учебната година | Наставници |
| 29. | Соработка со учениците и Ученичката заедница | Во текот на учебната година | Ученици, наставници |
| 30. | Соработка и поддршка во програмирањето, конституирањето на Детската организација и ПЦК | Август/септември | Одговорни наставници |
| 31. | Работа со ученици кои постигнуваат високи резултати во наставата и воннаставните активности | Во текот на учебната година | Ученици, наставници |
| 32. | Работа со ученици кои покажуваат несоодветно однесување | Во текот на учебната година | Ученици, наставници, родители стручни соработници |
| 33. | Разговор со ученици кои постигнуваат слаби резултати / истражување на причините | Во текот на учебната година | Ученици, наставници, родители стручни соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 34. | Советување, давање поддршка на учениците при организирање на културно-забавниот живот според планот и програмата за културно-забавен живот | Во текот на учебната година | Ученици, наставници, стручна служба |
| 35. | Соработка со родителите на учениците | Во текот на учебната година | Родители, наставници, стручни соработници |
| 36. | Едукација на наставници и родители за ненасилна комуникација во рамките на програмата | Три пати во текот на учебната година | Тим за превенција од насилно однесување |
| 37. | Учество во планирањето и организирањето на ученичките екскурзии | Септември/октомври/ мај | Родители, наставници, стручни соработници |
| 38. | Учество во изработка на план за соработка со родители | Август/септември | Наставници, стручни соработници |
| 39. | Поттикнување на активности за формирање одбор на родители во рамките на паралелката | Август/ септември | Родители, наставници |
| 40. | Поддршка во формирањето Совет на родители на ниво на училиште | Август/ септември | Родители, наставници, стручни соработници |
| 41. | Планирање содржини за општи родителски средби | Во текот на учебната година по потреба | Родители, наставници |
| Креирање на анти-булинг кампања “Кажи НЕ на насилството“<br>Реализирање на активности во сите паралелки:<br>- Ден без насилство (секоја последна среда во месецот)<br>- Секој знае/може да дава комплименти и да охрабрува | Промовирање на активности за намалување на насилството во училиштето | Негување ненасилно однесување | Психолог<br>Педагог<br>Ученички парламент<br>Ученици | Групно, по паралелки | Стручна литература, изработки од ученици | Октомври - декември |
| Работилници против врсничко насилство според потребите | Едукација, стекнување на доверба во училиштето како партнер за справување со булинг, помош на учениците кои се соочуваат со насилство | Спречување и намалување на насилството во училиштето | Стручен тим<br>Одделенски раководители<br>Тимот за превенција на насилно однесување | Индивидуално, Групно | Стручна литература, работни листови, технички помагала | Во текот на годината |
| Активности од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ | Промовирање на ненасилно однесување | Намалување на врсничко насилство | Психолог,<br>Тим за превенција на ненасилно однесување, одделенски раководители | Индивидуално, Групно | Стручна литература, работни листови, технички помагала | Во текот на годината |

**ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И НАСТАВНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА**

| ПОДРАЧЈА НА РАБОТА И АКТИВНОСТИ | ЦЕЛ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ НОСИТЕЛ-СОРАБОТНИЦИ | НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ | РЕСУРСИ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Креирање програма за ментално здравје и конкретни активности | Подигање на свеста за менталното здравје на учениците и вработените | Унапредување на менталното здравје кај учениците и вработените | Психолог<br>Стручен тим<br>Наставници | Индивидуално, Групно | Насоки од БРО, МОН и Уницеф | Август/септември |
| - Работилници за ментално здравје за наставници и стручни соработници | Подигање на свеста за менталното здравје | Стекнување вештини и техники за унапредување на менталното здравје | Психолог | Групно | Стручна литература, модул од БРО и Уницеф | Септември-октомври |
| - Работилници за ментално здравје наменети за родители и адолесценти во склоп на проектот „Flourish” | Унапредување на менталното здравје на родителите и адолосецентите | Едукација за унапредување на менталното здравје на семејствата | Психолог, клинички психолог | Групно | Стручна литература, обучени фацилитатори | Ноември - декември |
| - Работилници со ученици на тема: емоционална писменост, здрав животен стил, важност на менталното здравје и сл. (според потребите) | Унапредување на менталното здравје на учениците | Стекнување вештини и техники за унапредување на менталното здравје | Психолог<br>Стручен тим | Индивидуално, Групно | Стручна литература, модул од БРО и Уницеф | Октомври - мај |

## 26. План за следење и анализа на состојбите со оценувањето

| Содржина | Реализатор | Време | Индикатори |
|---|---|---|---|
| Спроведување усогласена писмена политика за оценување | Тим за оценување,<br>Директор,<br>Стручен соработник | Септември | 90% од наставниците ја спроведуваат политиката за оценување |
| Следење на квалитетот на оценувањето (сумативно и формативно) | Директор,<br>Стручен соработник<br>Тим за оценување | Континуирано | 80% од наставниците се придржуваат кон стандардите за оценување во практиката |
| Давање стручна помош за квалитетно оценување | Стручен соработник | Континуирано | 80% од наставниците добиле стручна поддршка |
| Професионално усовршување на наставниците за изготвување објективни тест-задачи | Директор,<br>Стручен соработник,<br>Тим за сумативно оценување | Ноември | 60% од наставниците од предметна настава учествувале во дискусии и дисеменација за сумативно оценување<br>50% од наставниците од одделенска настава присуствувале со дискусии за сумативно оценување во рамките на стручни активи |
| **Планирање и спроведување на формативно оценување** | | | |
| Планирање на формативно оценување во тематските процесни планирања | Тим наставници за оценување<br>Одделенски и предметни наставници | Континуирано | 70% од наставниците во тематското процесно планирање ги користат когнитивните подрачја од таксономиите на образовни цели и исходи и ги поврзуваат со активностите на часот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување валидни методи за формативно оценување, согласно наставните цели | Тим за оценување,<br>Одделенски и предметни наставници | Континуирано | 80% од наставниците поставуваат прашања на различни нивоа на комплексност,<br>50% планираат есејски прашања за проверка на наставни цели од повисоко ниво<br>90% од наставниците ги користат стратегиите на самооценување и оценување од страна на учениците<br>100% од наставниците користат портфолио<br>30% од наставниците оценуваат преку изведбени активности<br>50% од наставниците формативната оценка ја базираат на проектните активности |
| Изготвување валидни и доверливи инструменти за оценување | Тим за оценување<br>Одделенски и предметни наставници | Континуирано | 80% од наставниците користат чек-листи, скали за проценка, аналитички и холистички листи за оценување |
| Информираност за постигањата | Одделенски и предметни наставници | Континуирано | 70% од наставниците даваат навремена повратна информација на учениците<br>Родителите се 100% информирани за успехот |
| **Планирање и спроведување на сумативно оценување** | | | |
| Обезбедување информации за индивидуален напредок кај учениците преку мерење на резултатите од учењето<br>Користење и изготвување табели на спецификација | Одделенски и предметни наставници,<br>Стручен соработник,<br>Директор | Континуирано | 50% од наставниците во наставата<br>користат нормативно или критериумско споредување<br>50% од наставниците изготвуваат табели за изведување годишна оценка која се базира на сите изучени теми преку темелно проверување |

## 27. План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

| Содржина на активности | Време на реализација | Носители |
|---|---|---|
| 1. Увид во годишните и тематските планирања на наставниците и консултација со наставниците по изведените увиди | Септември и тековно по предавање на тематско-процесно планирање | Директор, психолог, педагог |
| 2. Увид во начинот на изведување настава (наставни часови) и консултација со наставниците по изведените увиди | Октомври, декември, февруари, април | Директор, психолог, педагог |
| 3. Увид во начинот на изведување на воннаставните активности и консултација со наставниците по изведените увиди | Ноември, април | Директор, психолог, педагог |
| 4. Увид во начинот на водење на педагошката евиденција и документација и консултација со наставниците по изведените увиди | Октомври, јануари, март, јуни | Директор, психолог, педагог |
| 5. Следење на примената на формативното оценување: следење часови; следење на начинот на подготовка на часовите; консултации со наставниците и анализа на ефектите од неговата примена | Во текот на учебната година | Тим за оценување |
| 6. Анализи за подобрување на квалитетот на наставата и движењето на успехот на учениците | Во текот на учебната година | Директор, психолог, педагог |
| 7. Водење професионални досиеја за наставниците/ личен план за професионален развој. | Во текот на учебната година | Психолог, педагог |

## 28. Програма за самоевалуација на училиштето

**Членови на училишната Комисија за самоевалуација**:
1. Елена Петровска – психолог
2. Ана Сенчук – педагог
3. Билјана Стојаноска – наставник-ментор
4. Јасмина Михаиловска – наставник по одделенска настава
5. Слаѓана Марјановиќ Пановска – Совет на родители

| Области | Координатор | Активност | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|
| **Прво подрачје:**<br>**Наставни планови и програми** | Билјана Стојаноска<br>членови<br>Сузана Милошева Левкова<br>Катерина Данилоска Поповска<br>Благородна Наумоска<br>Ивана Јанковска<br>Александар Гарески<br>Зорица Поп Илиев | - Избор на инструменти<br>- Анкети, интервјуа, набљудувања<br>- Преглед и обработка на добиените информации<br>- Дефинирање на приоритети за подобрување<br>- Извештај | квалитет на наставата, методи, ресурси |
| **Второ подрачје:**<br>**Постигања на учениците** | Симона Мирчевска-Ефтимовска<br>**Членови**<br>Татјана Шекеринова<br>Жаклина Јагликовска<br>Мимоза Манчевска<br>Стефанија Јовчевска<br>Ана Георгиева<br>Биљана Наумчевска<br>Искра Мијалковска Ефтимова | - Избор на инструменти<br>- Анкети, интервјуа, набљудувања<br>- Преглед и обработка на добиените информации<br>- Дефинирање на приоритети за подобрување<br>- Извештај | резултати, напредок, индивидуален развој |
| **Трето подрачје:**<br>**Учење и настава** | Наташа Ѓорѓиоска<br>**Членови**<br>Јасна Каровска Абрамац<br>Маргарет Пејоска<br>Билјана Лукановска<br>Стефанија Јовчевска<br>Златко Арсовски<br>Славица Гаврилова<br>Цветанка Илиоска | - Избор на инструменти<br>- Анкети, интервјуа, набљудувања<br>- Преглед и обработка на добиените информации<br>- Дефинирање на приоритети за подобрување<br>- Извештај | Квалитет и мотивираност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Четврто подрачје:**<br>**Поддршка на учениците** | Биљана Чешларова<br>**Членови**<br>Јасмина Грујоска Неделковска<br>Елизабета Даскалова<br>Никола Данев<br>Ана Трајковска<br>Верица Неделкоска<br>Влатко Трошански | - Избор на инструменти<br>- Анкети, интервјуа, набљудувања<br>- Преглед и обработка на добиените информации<br>- Дефинирање на приоритети за подобрување<br>- Извештај | Зголемено чувство на безбедност и психолошка поддршка кај учениците |
| **Петто подрачје:**<br>**Училишна клима** | Даниела Нацев<br>**Членови**<br>Марија Гавриловски<br>Ружица Јанковска<br>Јасмина Михаиловска<br>Соња Боглевска<br>Симона Леновска<br>Весна Јовчевска | - Избор на инструменти<br>- Анкети, интервјуа, набљудувања<br>- Преглед и обработка на добиените информации<br>- Дефинирање на приоритети за подобрување<br>- Извештај | Работна атмосфера, добри меѓучовечки односи, инклузивност, безбедност |
| **Шесто подрачје:**<br>**Ресурси** | Ана Сенчук<br>**Членови**<br>Ема Казакова<br>Драгослав Марина<br>Весна Лазарова Џаковиќ<br>Татјана Таневска<br>Емилија Петровска<br>Николија Костовски | - Избор на инструменти<br>- Анкети, интервјуа, набљудувања<br>- Преглед и обработка на добиените информации<br>- Дефинирање на приоритети за подобрување<br>- Извештај | Јасна распределба на ресурси според приоритетите од акциониот план |
| **Седмо подрачје:**<br>**Управување, раководење и креирање политика** | Елена Петровска<br>**Членови**<br>Катица Ацковска<br>Јасмина Дичевиќ<br>Ирена Пиштолова Неделковска<br>Александар Гарески<br>Бранка Ивановска Блажевска | - Избор на инструменти<br>- Анкети, интервјуа, набљудувања<br>- Преглед и обработка на добиените информации<br>- Дефинирање на приоритети за подобрување<br>- Извештај | Планирање тимска работа, одлучување |

## 29. Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

| Содржина | Цели | Активност | Временска рамка | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Симулациона вежба Евакуација при катастрофи - земјотреси | Да умеат да се снајдат во ситуации кои го загрозуваат животот и безбедноста | Безбедно напуштање на учениците, наставниците и другите вработени на училиштето | октомври-ноември | Црвен крст Тим на Црвениот крст на училиштето | Училиштен план за евакуација - правила на однесување при евакуација, поддршка од соодветни институции | Да се совладаат правилата на однесување за време на природни непогоди | Сите одделенски и предметни наставници и сите вработени |
| Презентација за подготвеност и дејствување при катастрофи за учениците | Усвојување на правилата на однесување при кризни ситуации | Следење на презентацијата<br><br>Дискусија за темата | февруари-март | Тимот на Црвениот крст на училиштето | Проектор, компјутер | Да се совладаат правилата на однесување за време на природни непогоди за учениците од 7 одд. | Наставникот по Вештини за живеење Валентина Николовска |
| Симулациона вежба - Евакуација при катастрофи, пожари | Примена на правилата на однесување при кризни ситуации | Безбедно напуштање на училиштето од страна на учениците, наставниците и другите вработени | април | Црвен крст | Училиштен план за евакуација - правила на однесување при евакуација, поддршка од соодветни институции | Да се препознаваат и разликуваат знаците за јавно тревожење | Сите одделенски и предметни наставници и сите вработени |
| Превентива и психо-социјална помош при елементарни непогоди | Да умеат да побараат помош од психо-социјален карактер | Вежби, дискусии, соодветни работилници | Преку целата година | Тимот на Црвениот крст на училиштето, локалната самоуправа | Соодветни работилници, вежбин, дискусии | Да знаат да ги превенираат проблемите од психо-социјален карактер | Училишниот тим на Црвениот крст, психологот на училиштето и наставниците по физичко образование |

## 30. Распоред на дежурни наставници

Дежурството на наставниците се планира согласно распоредот на часови и се истакнува на огласна табла. Наставниците дежураат пред почетокот на часовите на влезните врати, а на одморите и во училишниот двор. Наставата ќе се организира согласно планот и програмата за учебната 2025/2026 година.

## 31. План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

| Активности на наставници и ученици | Време на реализација | Потребни ресурси | Одговорни наставници и ученици |
|---|---|---|---|
| Добре дојдовте, првачиња!<br>Уредување на училишниот двор и училишниот хол, за прием на првачиња | Август | балони, хартија во боја, силиконско лепило, хамери, бои | Сите одделенски наставници |
| Рекреативни игри во училишниот двор | Септември | Боја, разредувач, четки, кофи, хартиени лепливи траки | Марија Гаврилоски, Ивана Јанковска, Катица Ацковска, Симона Леновска, Биљана Наумческа, Даниела Нацев, Биљана Чешларова и сите наставници по физичко образование<br>Ученици од VIII и IX одделение |
| Уредување на витрините на приземје | Септември | хартија во боја, лепак | Одделенските наставници |
| Уредување на библиотеката | Октомври | хартија во боја, лепак | Верица Неделкоска, Зорица Поп Илиев, Ана Георгиева, Марина Зафировска и ученици од предметна настава |
| Училиштен натпревар „Фигури од овошје“<br>Изложување на масички во свечената сала. | Октомври | овошје | Николија Костовски, Ружица Јанковска, Ирена П. Неделковска, Татјана Шекеринова, наставник по ликовно и ученици од сите одделенија |
| Уредување и грижа за ботаничката градина – Садиме расад од најразлични билки | Октомври | расад од најразлични билки, алат за работа | Маргарет Пејоска, Елизабета Даскалова, Цветанка Илиоска, Благородна Наумоска |
| Уредување на еден од ѕидовите од училиштето со дрвени палети и гајби со цвеќиња | Ноември | палети, гајби, боја, четки, валјаци, разредувач, цвеќиња, хумус | Наташа Ѓорѓиоска, Јасмина Михаиловска, наставник по Ликовно образование и сите наставници по Физичко образование |
| Изработка и поставување куќарки за птици | Ноември | шперт плоча, лепило за дрво, боја | Биљана Наумческа, Билјана Лукановска, наставник по Ликовно образование и ученици од предметна настава |
| Уредување на училишниот простор по повод новогодишните празници | Декември | хартија, лепило, новогодишни украси, елки | Катерина Данилоска Поповска, Емилија Петровска Марија Гаврилоски, Николија Костовски, Катица Ацковска, Наташа Ѓорѓиоска, Ружица Јанковска, Ивана Јанковска, Биљана Наумческа и сите наставници по физичко образование |
| Пролетна екоакција за уредување на училишниот двор и акција за отстранување непотребни предмети од училниците | Март | саксии, сезонски цвеќиња, земја, мрсни бои, четки | Цветанка Илиоска, Јасмина Михаиловска, Јасмина Грујоска Неделковска, Емилија Андоновска, Татјана Таневска, Емилија Петровска, Драгослав Марина, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Никола Данев, Билјана Лукановска<br>Сите ученици од I до IX одделение |
| Безбедност во сообраќајот<br>- Подготовка на мини крстосница за симулација на безбедно движење на најмладите учесници во сообраќајот | Април | Мрсни бои, четки, разредувач, хартиени лепливи ленти | Биљана Наумческа, Ана Сенчук, Јасмина Михаиловска, Драгослав Марина, Емилија Петровска, Сузана Милошева Левкова,<br>Златко Арсовски и ученици од четврто, петто и шесто одделение |
| Поставување дрвени трупци во задниот дел од училиштето за часови на отворено | Април | Дрвени трупци, лак за заштита на дрво | Наставник по Ликовно образование, Биљана Наумческа, Златко Арсовски, Драгослав Марина, Никола Данев |
| „Река од шарени камења" под прозорците на наставничката канцеларија | Мај | Камења, боја, цемент, песок | Сите наставници по физичко образование, Влатко Трошански, наставник по ликовно образование |
| Монтажна сцена на отворено | Мај | штици, метални шипки, алат | Драгослав Марина, Златко Арсовски, Никола Данев, наставник по ликовно образование |
| Уредување на училишните паноа | Континуирано, во текот на целата учебна година | Хартија во боја, печатач, лепило, хамер, силиконски пиштол, силиконски патрони | Катица Ацковска, Жаклина Јагликовска, Ана Митровска, Даниела Нацев, Верица Неделкоска, Марија Гавриловски, Јасна Каровска Абрамац, Билјана Стојановска, Емилија Петровска<br>Сите ученици |

## 32. Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

### Правилник за однесување на НАСТАВНИЦИ

**НАСТАВНИЦИТЕ** се јавни личности, а тоа значи дека секогаш треба да го имаат на ум следново:

- Да ги почитуваат и применуваат етичките правила и норми за морално однесување;
- Да се однесуваат соодветно на сите јавни места и да ги почитуваат правилата на однесување;
- Наставниците треба да доаѓаат 30 минути пред започнувањето на часовите;
- Не смеат да доцнат на часовите;
- Мораат да бидат способни да одржуваат ред на часовите, за да можат учениците да ги следат предавањата и објаснувањата;
- Не смеат да употребуваат мобилен телефон за време на часовите, а при итни потреби да излезат во ходник за да разговараат;
- Не смеат физички и психички да ги малтретираат учениците;
- Треба предавањата да ги приспособат за учениците и да им објаснуваат за сè што не им е јасно;
- Наставниците мораат редовно да дежураат по ходниците за да се подигне безбедноста на учениците на повисоко ниво;
- Наставниците треба да ги почитуваат учениците, не смеат да ги навредуваат, да даваат негативни ментални квалификации, да ги исмеваат пред одделението, да ги дискриминираат по која било основа, ниту да покажуваат реваншизам. Сите ученици треба да бидат рамноправни, наставниците не смеат да фаворизираат поединечни ученици;
- Секој напредок и успех што го постигнал ученикот треба де се пофали, а наставникот не може да го омаловажи успехот на ученикот ако не ги задоволува критериумите што ги поставил наставникот.

**Правилник за однесување на УЧЕНИЦИТЕ**

Учениците се должни:

- наставата да ја посетуваат редовно и навремено;
- на училиште да доаѓаат во пристојна облека (без кратки маици и здолништа, длабоко деколте, искинати фармерки и сл.) и фризура која не попречува контакт со очи
- да се однесуваат пристојно и културно (викање, трчање, користење вулгарен речник е непристојно однесување);
- да го почитуваат и одржуваат редот и мирот во училиштето (во ходниците, училниците и во училишниот двор);
- да учат редовно и постојано да се ангажираат во постигнување на подобри резултати;
- активно да учествуваат во слободните ученички активности (секциите) каде ќе ги задоволат личните желби и интереси;
- да го надградуваат своето знаење и да станат подобри личности.
- задолжително да присуствуваат на настава, за секое отсуство да приложат писмено или усно оправдување од родителот или старателот;
- пристојно и трпеливо да чекаат во училница пред започнувањето на часот;
- секогаш да бидат подготвени за работа (настава);
- редовно да ги носат потребните материјали за работа (училишен прибор, тетратки и учебници, опрема за физичко и здравствено образование, прибор за цртање и материјали за работа по техничо образование;
- да придонесуваат за позитивна работна атмосфера со активно ангажирање на часот;
- користењето на мобилни телефони за време на часовите е дозволено само ако истите се користат како едукативна алатка со претходна дозвола на наставникот.
  *Ученикот не смее самоволно да го напушти часот. Недолично и недисциплинирано однесување на часот се казнува со соодветна педагошка мерка според Правилникот на училиштето.
- да се однесуваат пристојно и со почит кон наставниот, административниот и помошниот персонал во училиштето;
- да ги почитуваат правилата на училиштето и да го одржуваат училишниот ред;
- отпадоците да ги фрлаат во корпи за отпадоци – не е дозволено фрлање отпадоци во училниците, по ходниците и дворот на училиштето);
- да ја проветруваат училницата за време на одморите;
- да ја разубавуваат училницата со слики и цвеќе;
- да го чуваат и да не го уништуваат зеленилото во училишниот двор и во ходниците;
- да го чуваат училишниот инвентар и наставно-нагледните средства (ученикот ќе ја надомести секоја направена штета во училиштето и покрај тоа за него ќе се примени педагошка мерка);
- да се трудат училиштето да биде пријатно и безбедно место за сите, со тоа што навремено и објективно ќе информираат и ќе соработуваат со одделенските раководители, раководителите на паралелка, наставниците и раководните лица во училиштето на сите релевантни теми;
- навремено да ги информираат одделенските раководители, раководителите на паралелка и училишните структури за проблемите со кои се соочуваат и да побараат помош кога им е потребна.
- да бидат искрени и добри другари;
- да им помагаат на другите ученици секогаш кога ќе бидат во можност;
- меѓусебните недоразбирања да ги решаваат со разговор и толеранција;
- да не потценуваат ниту еден соученик или да вршат дискриминација по пол, возраст, физички изглед, националност, религија или сл.
- строго се забранува вербално или физичко насилство! Игнорирање, упатување навредливи зборови, омаловажување, исмејување, нанесување психичка болка е исто така насилство!
- редовно и искрено да ги информираат родителите за успесите, но и за неуспесите на училиште. Сите одлуки во врска со училиштето да ги донесуваат заеднички со родителите;

- доколку имаат некаков проблем или доживуваат врсничко насилство веднаш да ги информираат родителите, а потоа и училишните структури (раководител на паралелка, психолог, педагог, директор).
- *Наставниците, родителите и учениците ќе постапуваат согласно овој Правилник, ќе ги почитуваат и применуваат неговите одредби.
- Во случај на евентуални недостатоци на овој Правилник ќе се применуваат одредбите од Законот за основно образование.
- Тука сме да се сакаме, тука сме да учиме, тука сме да креираме!

ПОЧИТУВАЊЕТО НА КОДЕКСОТ ПРИДОНЕСУВА ЗА ПОГОЛЕМА ХАРМОНИЈА ВО УЧИЛИШТЕТО

**Правилник за однесување на РОДИТЕЛИ**

- *Родителите* во комуникацијата со наставниците треба
- да бидат одговорни и толерантни;
- да развиваат партнерски однос со наставниците;
- децата редовно да ги испраќаат во училиште;
- навреме да ги оправдуваат изостаноците (секој понеделник за изостаноците од претходната недела);
- децата редовно да ја носат училишната униформа;
- редовно да доаѓаат на родителски средби;
- редовно да се интересираат за учењето и однесувањето на детето;
- да соработуваат со одделенските раководители;
- да соработуваат со предметните наставници;
- да го почитуваат ликот на наставникот, како и другите вработени во училиштето и тоа да го пренесуваат на своето дете;
- да ги исполнуваат обврските кон училиштето;
- да учествуваат во работата на органите на училиштето каде што се членови;
- да доаѓаат пристојно облечени во училиштето;
- да не влегуваат во училниците за време на часовите;
- да не се задржуваат по ходниците на училиштето;
- да се воздржуваат од постапки со кои ќе се кршат правата на учениците и другите вработени во училиштето;
- родителите се должни да се запознаат со правилата на однесување за учениците и да влијаат врз своето дете да ги прифаќа;
- да се запознаат со правилата на однесување за наставникот;
- во контакт со наставниците не смее да се применува сила и навредлива комуникација;
- да се остварува позитивна соработка со почитување на личноста на наставникот и на ученикот;
- да не се впуштаат во приватноста на наставниците, други ученици и родители;
- не е пожелно родителот да се информира за своето дете надвор од училиштето;
- соработката со училиштето треба биде континуирана, а не периодична (пред крајот на полугодието и учебната година);
- родителите треба да бидат позитивен пример за детето;
- родителите треба да се вклучат во животот и работата на училиштето;
- родителите треба да ги почитуваат правилата на однесување во училиштето.

## 33. Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

| АКЦИСКИ ПЛАН | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Задача | Носител на активност | Време на реализација | Ресурси | Очекувани ефекти |
| Учество на задолжителни семинари организирани од МОН и БРО | Обука на наставниците во рамките на актуелни проекти и програмски активности | Обучувачи | Пред почетокот и во текот на учебната година | Стручна литература БРО, МОН | Стекнување нови и продлабочени знаења од страна на наставниците<br>Запознавање со новите наставни програми за прво и четврто одделение |
| Грижа за менталното здравје на наставниците и учениците | Важноста на грижата за менталното здравје<br>Стекнување на знаење и техники за унапредување на здравјето на учениците и вработените во училиштето | Психолог | Септември, октомври | Стручна литература, дигитални алатки | Подигање на свесноста за менталното здравје на учениците и вработените;<br>Стекнување на техники/ вештини за унапредување на менталното здравје. |
| Објективност во оценувањето и при употреба на дигиталните алатки | Употребата на дигиталните алатки и во процесот на вреднувањето на учениците | Тим за обуки | Ноември, април | Стручна литература, дигитални алатки | Објективно оценување и самооценување |

| АКЦИСКИ ПЛАН<br>за хоризонтално учење | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Задача | Носител на активност | Време на реализација | Ресурси | Очекувани ефекти |
| Важноста од креирање на Flipped, Blended and Cooperative Learning | Запознавање на наставниот кадар со современите методи на реализација на наставата со нејзина дигитализација | Наставен кадар | Септември, април | Дигитален материјал за учење | Реализирање дигитална современа настава каде што ученикот е во центарот на вниманието |
| Изработки на дигитални прашања, задачи, тестови и квизови | Оспособување за користење дигитални алатки за тестови и квизови | Наставен кадар | Ноември, февруари | Тестови, квизови, проектни задачи | Објективност во оценувањето на учениците |
| Снимање наставни содржини како видеолекции, натсинхронизација на веќе постојни, кои се во функција на наставата | Оспособување на наставниот кадар за видеозаписи во функција на наставата | Наставен кадар | Декември, февруари | Дигитален материјал, видеолекции камера, микрофон | Збогатување на наставата со дигитални интерактивни ресурси |

| АКЦИСКИ ПЛАН | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Подрачје | Потподрачје | Тема на обука | Време на реализација | Ресурси | Очекувани ефекти |
| Поучување и учење | Планирање и подготовка на наставата | Планирањето на наставата (што треба да биде во фокусот на планирањето на часот, како до „погодна/соодветна за учење училница“ – разновидност во пристапи, видеоматеријали, тип презентации и сл.) | Август-јуни | Стручна литература, Прирачници БРО, Дигитален материјал за учење | Стекнување знаења и вештини за нови апликации и дигитални можности |
| | Реализација на наставата | Настава базирана на проблемски пристап, учење преку истражување, игра, работа на проект, решавање проблеми, учење преку работа и сл. | Август-јуни | Стручна литература, Прирачници БРО | Проблемската ситуација како почеток на креативно и критичко размислување |
| | Оценување на учениците | Посебни аспекти за оценување според индивидуален образовен план. | Август-јуни | Стручна литература, Прирачници БРО | Креирање соодветни тестови и алатки за оценување на учениците со ИОП |
| Создавање стимулативна средина за учење | Создавање безбедна и стимулативна средина за учење | Создавање услови за поттикнување внатрешна мотивација за постигнување автономија во учењето. | Август-јуни | Стручна литература, Прирачници БРО | Мотивирани ученици со самодоверба и потенцијал за напредок |
| Социјална и образовна инклузија | Социјална и образовна инклузија | Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици<br>Стратегии, методи и техники на работа во инклузивна училница со практичен пристап во работата со ученици со посебни образовни потреби | Август-јуни | Стручна литература | Детектирање и работа со надарени ученици по одредени области |
| Комуникација и соработка со семејството и заедницата | Комуникација и соработка со семејството и заедницата | Отворено училиште – модели (форми на здружување, креирање клубови, форми на соработка со локални центри, начини на соработка) | Август-јуни | Стручна литература | Успешна соработка, заемно дејствување во насока на правилен развој и напредок на учениците во здрави личности |
| Професионален развој и професионална соработка | Професионален развој и професионална соработка | Професионална соработка на наставниците (на ниво на стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) | Август-јуни | Стручна литература, Прирачници БРО | Соработка меѓу наставниот кадар, размена на идеи и добри практики |

## 34. Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

| | |
|---|---|
| **Во животот и работата на училиштето** | Учеството на родителите во животот и работата на училиштето ќе се остварува низ работата на Советот на родители, кој е составен од по еден претставник на родителите од сите паралелки, односно од 31 член. Работата на Советот на родители ќе се одвива според приложената Програма за работа на Советот на родители |
| **Во процесот на учење** | - Вклучување родители од разни занимања во разни сегменти од процесот на настава или посета на нивните работни места, при што тие со своите искуства ќе придонесат за полесно разбирање на она што учениците го учат, односно ставање на наученото во практични услови.<br>- Придонес во процесот на професионална ориентација на учениците. |
| **Во активностите на училиштето** | Вклученост на родителите во:<br>- Вонннаставни активности<br>- Активности за меѓуетничка интеграција<br>- Активности за реализација на Отворен ден за граѓанско образование<br>- Работилници<br>- Хуманитарни акции<br>- Остварување контакти со локалната и бизнис-заедницата |
| **Во донесувањето одлуки** | Преку работата на:<br>- Одборот на родители на ниво на паралелка<br>- Советот на родители<br>- Училишниот одбор |
| **Едукација на семејството** | Предавања, работилници, презентации, родителски советувања – групни и индивидуални, информативни и едукативни материјали |
| **Изработка на едукативни материјали за родители** | - Информатор за запознавање со Годишната програма за работа на училиштето<br>- Информатор за наставните планови и програми (задолжителни и изборни предмети)<br>- Информатор за професионална ориентација<br>- Брошури поврзани со превентивните програми кои се спроведуваат со учениците<br>(Едукативни материјали поврзани со менталното здравје кај децата и адолесцентите) |

## 35. Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница

| Содржина на активности | Време на реализација | Носители |
|---|---|---|
| 1. Учество во спортски натпревари на меѓуучилишно и општинско ниво организирани од Општина Центар | Во текот на учебната година | Спортски екипи и наставници по физичко образование |
| 2. Одбележување на празникот на Училиштето, празници на Градот и Општината | Во текот на учебната година | Тим за јавна и културна дејност |
| 3. Вклучување во активностите на општина Центар за одбележување на новогодишните и божиќните празници | Декември, јануари | Тим за јавна и културна дејност |
| 4. Учество во реализација на активностите за реализација на Отворен ден за ГО на претставници од локалната самоуправа и родители и нивно присуство на промоцијата на производите од активностите | Октомври-декември | Директор, стручна служба, наставник по ГО |

| | | |
|---|---|---|
| 5. Вклучување во активностите за одбележување на Светскиот ден на мајчиниот јазик | Февруари | Литературни и ликовни секции |
| 6. Вклучување во екоактивности организирани од страна на Општината | Во текот на учебната година | Тим за екоинтеграција |
| 7. Вклучување во одбележувањето на Денот на шегата – 1 Април и одбележувањето на Велигден | Април | Тим за јавна и културна дејност |
| 8. Вклучување во активности за одбележување на Денот на Општината | Мај | Тим за јавна и културна дејност |
| 9. Посети на Општината од едукативен карактер поврзани со реализација на наставните програми | Во текот на учебната година | Наставници и ученици |

## 36. Програма за грижа за здравјето на учениците

| Планирана програмска активност | Време | Реализатор | За кого или пред кого е реализирано | Очекувани цели и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Осигурување на учениците | септември | Училиште | 1-9 одделение | Надомест при евентуални повреди |
| Исхрана во училиштето-квалитет на достапна храна | септември | Училиште | 1-5 одделение | Квалитетна и здрава храна за учениците во училиштето |
| Вакцини | Во текот на целата учебна година | Претставник на здравствена установа | 1-9 одделение | Заштита и превенција |
| Систематски прегледи | Во текот на целата учебна година | Претставник на здравствена установа | 1,3,5,7 одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање евентуални болести и аномалии |
| Предавање на тема: Заразни болести и заштита од нив | октомври | Стручно лице | 1-9 одделение | Како да се заштитиме од заразните болести |
| Работилница за Светскиот ден на менталното здравје на децата | ноември | Стручен тим | 1-9 одделение | Како да се грижиме за нашето ментално здравје |
| Заштита од пушење, алкохол и дрога | ноември | Стручно лице | 1-9 одделение | Мерки за заштита и превенција од болестите на зависност |
| Предавање на тема – Грип и заштита од грипот | декември | Стручно лице | 1-9 одделение | Мерки за заштита и превенција од грип |
| Одржување на хигиената во домот и училиштето | февруари | Наставници од одделенска и предметна настава | 1-9 одделение | Подобрување на хигиената во домот и училиштето |
| Залевање заби | март | Амбуланта | 1 одделение | Заштита и превенција на забите |
| Одбележување на 7 Април - Светскиот ден на здравјето | април | Наставници од одделенска и предметна настава | 1-9 одделение | Негување и чување на здравјето на учениците |
| Грижа за учениците со здравствени проблеми – хронично болни | континуирано | Наставници, педагог и психолог | 1-9 одделение | Да им се помогне на учениците со здравствени проблеми |

## 37. Програма за јавна и културна дејност на училиштето

Во функција на афирмација на училиштето, во однос на културната и јавната сфера, Комисијата го изработи следниов план за работа:

| Планирана активност | Реализатор | Време на реализација |
|---|---|---|
| Свечен прием на учениците во прво одделение по повод првиот училиштен ден | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Септември |
| Прием на првачињата во Детската организација | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Октомври |
| Свечена приредба од учениците за наставниците по повод 5 Октомври - Ден на учителот | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Октомври |
| Проектна активност: „Доблеста на јаболкото како здрава храна“ (литературни и ликовни конкурси, базар со најразлични традиционални десерти од јаболко) | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Октомври |
| Активности по повод Светскиот ден на менталното здравје – 10 октомври | Директор, стручен тим, Ученички парламент, ученици | Октомври |
| Организирање активности за Месецот на книгата | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Ноември |
| Свечено одбележување на 13 Ноември<br>Литературен конкурс: „Песна за Скопје“<br>Посета на споменикот на паднатите борци од НОБ | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Ноември |
| Проект: „На С е Скопје, на С е...“ | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Ноември |
| Организирање активности за прослава на Новата година | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Декември |
| Аудиција (монолог од драмски текст и рецитирање)<br>Аудиција (пеење) | Директор, психолог, педагог, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Февруари |
| Работилници за говор и правоговор (соработка со логопеди од Клиничкиот центар, спикери од телевизија и радио...)<br>Работилници со вежби за јавно говорење (соработка со центар за јавно говорење, спикер, артист...) | Директор, психолог, педагог, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава, ученици, логопед, спикер, актер | Февруари |
| Подготовки за проектна активност: „Мали оратори“ - натпревар во ораторство, во две категории. Прва категорија: четврто, петто и шесто одделение и втора категорија: седмо, осмо и деветто одделение. | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Февруари |
| Предавање за родова еднаквост: „Машко VS женски професии“, „Девојчињата и спортот“ | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици, претставник од Министерство за труд и социјална политика | Март |
| Предавања: „Стоп за кичот, за убавото учиме уште од мали“ (предавање од професор на Ликовна академија<br>„Го препознаваме ли шундот во музиката?“ (предавање од професор на Музичка академија) | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици, професори од Ликовна и Музичка академија | Март |
| Одбележување на Денот на пролетта и Денот на екологијата<br>Литературен конкурс | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Март |

| | | |
|---|---|---|
| Учество на манифестацијата „Априлијада" | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Април |
| Одбележување на празникот Велигден<br>Велигденски базар | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Април |
| Реализација на проектна активност: „Мали оратори“ - натпревар во ораторство, во две категории. Прва категорија: четврто, петто и шесто одделение и втора категорија: седмо, осмо и деветто одделение. | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава, ученици и претставници од клубот на оратори на Правниот факултет | Мај |
| Свечена приредба по повод Патрониот празник на училиштето | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Мај |
| Ден на Сесловенските просветители Свети Кирил и Методиј | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Мај |
| Свечености по повод крајот на учебната година | Директор, комисијата, наставници од одделенска и предметна настава и ученици | Јуни |

## 38. Програма за следење и евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начини и време на следење | Одговорно лице | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Организација и реализација на наставата и учењето | Следење на реализацијата на задолжителната, изборната, дополнителната и додатната настава и воннаставните активности; евидентни листи за следење на часовите и активностите<br>Во текот на учебната година | Директор, педагог, психолог | Наставниот кадар |
| Постигања на учениците | Следење на календарот на оценување; увид и следење на објективноста и транспарентноста на оценувањето; споредбени анализи на постигањата, напредокот, успехот, редовноста и поведението на учениците по предмети, одделенија и на ниво на училиштето. Записници од одделенски и наставнички совети, извештаи<br>На крајот на класификациските периоди. Континуирано и по потреба. | Директор, педагог, психолог<br>Тимот за следење, анализа и поддршка | Наставници, ученици, родители,<br>УО, МОН |
| Училишна клима и култура | Следење на односите меѓу сите структури во училиштето, почитување на етичките кодекси.<br>Увид и поддршка во реализација на акциите, проектите, хуманитарните акции и хепенинзи | Директор,<br>Стручен тим | Вработените, родителите, учениците |
| Навремено водење на педагошката документација и евиденција | Увид и проверка преку инструменти за следење<br>На крајот на класификациските периоди. | Директор, педагог и училишни комисии за проверка на одделенските дневници и е-дневникот | Наставници |

## 39. План за евакуација на присутните во училиштето




ПЛАН (ШЕМА)
А ЕВАКУАЦИЈА НА ПРИСУТНИТЕ ОД ПРИЗЕМЈЕТО ВО ЗОНА "А" ВО УЧИЛИШТЕТО "ЈОХАН ХАЈНРИХ ПЕСТАЛОЦИ"
EVACUATION PLAN
ЛЕГЕНДА/LEGEND:
ПРАВЕЦ НА ДВИЖЕЊЕ / DIRECTION OF MOVEMENT
ПОМОШЕН ИЗЛЕЗ / ALTERNATIVE EXIT
МЕСТО ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ НА СТРУЈА(ГЛАВНА СКЛ.) / PLACE FOR OFF STREAM
ПП-АПАРАТ S / FIRE EXTINGUISHER "S"
АВТОМАТСКИ ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР / AUTOMATIC FIRE ALARM
РАЧЕН ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР / MANUAL FIRE ALARM
ЅИДЕН ХИДРАНТ / WALL HYDRANT
ЗБОРНО МЕСТО
"ИЗЛЕЗ 7"
"ИЗЛЕЗ 6"
"ИЗЛЕЗ 8"
"ИЗЛЕЗ 1"
ЗОНА "А"
ЗБОРНО МЕСТО
N
ПОСТАПКИ ПРИ ЕВАКУАЦИЈА
1. БЕЗ ОДЛОЖУВАЊЕ И БЕЗ ПАНИКА ЗАПОЧНИ СО ЕВАКУАЦИЈА
2. ОДЕТЕ БЕЗ ТРЧАЊЕ, ДИСЦИПЛИНИРАНО И НЕ ПРЕСТИГНУВАЈТЕ НИКОГО
3. АКО СТЕ ПОСЛЕДНИ ВО КОЛОНА, ЗАТВОРЕТЕ ГИ ВРАТИТЕ ПОСЛЕ ВАС БЕЗ ДА ГИ ЗАКЛУЧУВАТЕ
4. ПОМОГНЕТЕ НА ОСТАНАТИТЕ АКО Е ПОТРЕБНО
5. НЕ СЕ ВРАЌАЈТЕ НАЗАД
6. УПАТЕТЕ СЕ НА ЗБОРНОТО МЕСТО
PROCEDURES FOR EVACUATION
1. WITHOUT POSTPONMENT AND PANIC START WITH EVACUATION;
2. PLEASE WALK WITHOUT RUNNING, SLOWLY;
3. IF YOU ARE THE LAST ONE IN THE ROW, CLOSE THE DOORS BEHIND YOU, WITHOUT LOCKING THEM;
4. HELP TO THE OTHERS, IF NEEDED
5. DO NOT GO BACK
6. PLEASE CONSULT THE MEETING PLACE
ПОСТАПКИ ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА БРЗА ПОМОШ
СЕ ВРТИ НА ТЕЛ.194 И СЕ КАЖУВА СЛЕДНОТО:
PROCEDURES FOR CALLING THE AMBULANCE
CALL 194 AND EXPLAIN
- WHEN THE INJURY OCCURRED;
- TYPE OF INJURY;
- NAME AND SURNAME OF THE
- CORRECT ADDRESS OR LOCATION OF THE INCIDENT;
- CONTACT PHONE NUMBER
ПОСТАПКИ ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР
1. АКТИВИРАЈ ГО РАЧНИОТ ЈАВУВАЧ
2. ОБИДИ СЕ ДА ГО ИЗГАСИШ ПОЖАРОТ БЕЗ ОПАСНОСТ ПО ТВОЈОТ ИЛИ ТУЃИТЕ ЖИВОТИ
3. ПОВИКАЈ ЈА ПРОТИВПОЖАРНАТА ЕДИНИЦАНА СЛЕДНИОВ НАЧИН
- ЈАВИ СЕ НА БРОЈОТ 193
- ОБЈЕКТ КОЈ ГОРИ И ШТО ГОРИ
- ДАЛИ ИМА ЗАГРОЗЕНО ЛУЃЕ
- ИМЕ И ПРЕЗИМЕ
PROCEDURES IN CASE OF FIRE
1.ACTIVATE THE MANUAL CALL POINT
2. PLEASE TRY TO TURN OFF THE FIRE WITHOUT DANGER TO YOUR AND OTHER LIVES
3. CALL THE FIRE BRIGADE UNIT ON THE FOLLOWING WAY
- CALL THE NUMBER 193
- FACILITY THAT BURNS AND WHAT BURNS
- ARE THERE ENDANGERED PEOPLE
- NAME AND SURNAME

Директор

____________________________

Катерина Атанасова

Претседател на УО

____________________________

Бојана Мојсовска Иванова

јули, 2025 М.П.